СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
Од Осмото продолжение од Педесеттата седница
на Собранието на Република Македонија, одржана на
5 февруари 2004 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа. Пратениците Трифун Косотовски, Есад Рахиќ, Сашко Кедев, Слободан Чашуле, Али Ахмети и Ванчо Георгиев известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот по 19-та точка, а тоа - **Предлог за донесување на закон за даноците на имот**.

Ве молам, кој бара збор?

Пријавена е госпоѓа Лилјана Ивановска, не ја гледам тука.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Јас, би ги замолила пратениците, во меѓувреме да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Јас ги молам и координаторите од пратеничките групи да помогнат во обезбедувањето кворум .

Заклучокот е:

Прво, Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување закон за даноците на имот.

Второ, Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон При што ќе ги има предвид забелешките , мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на раотните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достави до Владата на РМ и Министерството за финансии.

Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање јас уште еднаш ги молам, колегите што се наоѓаат во Собранието, а не се во собраниската сала , да влезат во собраниската сала за да можеме да пристапиме кон гласање.

Молам, уште еднаш колгите што се во Собраниево да влезат во собраниската сала, за да можеме да пристапиме кон гласање.

Има некој проблем околу Собраниево со сообраќајот, така што имам информација дека одреден број колеги се во сообраќајниов вртлуг, тука.

Молам службите да пристапат кон пребројување.

Имаме кворум, предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме. (Реакција на некои од пратениците во салата).

Колеги, колеги, колеги Ве молам, да не создаваме непотребно тензија. Закониве се во прва фаза. Ова е целиот пакет, се однесува на фискална децентрализација, така што нема да има проблем, со оглед на тоа ако сте останале недоискажани по оваа точка, нема да правам проблем ќе се искажете по следната точка. Тие се поврзани на еден или друг начин така што ќе може она што сте мислеле да гокажете, ќе го кажете. Јас, ве молам, да не создавате тензии, нема потреба, прва фаза е законот и не е амандманска расправа, ниту да се одлучува за крајниот текст. Јас мислам со едно разбирање се може да дојде на свое место. Мене ми е навистина жал, имам разбирање дека имало проблеми со сообраќајот, ама пак тоа еве сега го слушам, што гокажувате точка.

Да гикажам резултатите од гласањето.

Гласале вкупно 57 пратеници. Сите 57 за, прrисутни се 65.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на 20-та точка - **Предлог за донесување на закон за комунални такси.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес.

Ве молам, кој бара збор.

Процедурално г-дин Коце Трајановски.

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Потпретседателке, би сакал да го искажам својот револт ( реакција на некои од пратениците во салата).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да се слушнеме колеги. Ве молам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сепак ова се значајни закони, ние сакаме со нашите дискусии бидејќи сметаме дека се констуктивни како што беа конструктивни и вчера во однос на законот за финансирањето на локалната самоуправа, да го искажеме своето видување пооднос на овој закон за данокот на имот.

Сметам дека не беше добра постапката на почетокот на седницата да се затвори расправата бидејки ние многу често и по половина час сме чекале за да почне Собранието. (реакција на некои од пратениците во салата).

Да се доискажам, затоа барам по однос на законот за комунални такси да не не ограничувате кога ќе зборуваме за данокот на имот за да би можеле да го искажеме своето миселње, бидејки се работи за прва фаза, ние не сме против овие закони, меѓутоа сакаме да го кажеме своето мислење.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, се што е во контекст на законот, реков, ова е еден пакет закони кои што на еден или друг начин се доближуваат. Сето она што ќе биде во контекст на точката ќе може да се искаже, така што мислам дека ќе биде можност за секого да ги каже своите ставови, посебно што сме во прва фаза и уште еднаш да потсетам ние почнавме со десетминутно задоцнување.

Мислам дека навистина нема основа за забелешка . Односто беше максимално коректен и сега јас ве повикувам да се приајвите по претрес по оваа точка.

Прв е приавен г-динот Спиро Мавровски.

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Јас мислам дека нема погрешно да бидам сватен затоа што , можеби таа минута задоцнување, она што го говореше г-динот Даневски пред два дена на оваа парламентарна седница, на повеќе од половина !час се вртиме околу Собраниево и не можеме да дојдеме до Собрание. Стигнуваме побрзо од Битола до тука, но во секој случај мислам дека со дискусијата ќе гледаме да помогнеме и до г-динот министер да изнесеме забелешки во однос на она што значат овие закони, бидејки и г-динот заменик министер во неговото експозе се осврна комплетно на сите овие закони . Мислам дека и ние ќе можеме тоа да го направиме.

Министерот е тука , сигурно ги слуша овие наши забелешки, така да , во интерес на расправата и во интерес на добивање на еден квалитетен закон , мислам дека треба да проговориме за повеќе работи.

Пред да говориме за данокот да ја видиме моменталната состојба што се наоѓа во оваа сфера. Екоја општина е потребно да има сознание со колкав имот располагаат нејзините граѓани. Кои се даночните обврзници и какви финансиски средства може да се очекуваат од донациите на имот.

Дека општините не знаат со што располагаат даночните обврзници може да се види од тоа што бројот на решенијата за облог од година на година не варира, или пак симболично се менува, според оној прв број на решенија кој беше издаден далечната 1994 година, значи пред околу 10 години.

Оваа констатирана состојба покажува дека ажурирањето на евиденцијата т.е. овој имот на катастарско ниво и измените што се случуваат само се дефинираат при средувањето на имотно-правните односи , при купо-продажбата или при регулирањето на наследството.

Ако тргнеме од тоа дека состојбата со имотот е менлива категорија за што сите сме сведоци со ваквото не ажурирање единиците на локалната самоуправа губат огромни делови средства, а една од причините е и таа што даночните обврзници сами го пополнуваат пријавите за данок на имот без да се каже реалната вредност.

Дијафазонот на предложените стапки на имот од 01 до 02% не во согласност со заложбите на Владата на РМ за спроведување на фискалната децентрализација. Токму поради заложбите на централната власт да ги зголеми надлежностите на локалната власт, но сето тоа треба да биде проследено со поголеми издашни и

стабилни изворни приходи на единиците за локална самоуправа што ќе донесе до поголеме финансиска афтономија на единиците на локална самоуправа.

Општините би требало да добијат поголема слобода во определувањето на даночните стапки и какошто е случајот во Словенија каде што за градежните живеалишта оваа стапка изнесува од 01 до 1%.

Гледајќи го ова и следејќи што во РМ се случува, добро е да има привремено ослободување од данок на имот во период од 10 години за даночни обврзници кои поседуваат новоизградени објекти. Сето ова во контекст на она што значи средување на работите со нашите млади брачни парови.

Со ова барем малку ќе го охрабриме градежништвото на кое Владата му нанесе сериозни штети покачувајќи го данокот на додадена вредност од 5 на 18% и со тоа предизвика еден шок.

Генерално и досега данокот на имот беше изворен приход на општините, истиот за единиците за локалната самоуправа е и може да биде значаен и стабилен извор на приход и доколку се успее да се обезбеди реалната пазарна вредност и целосното опремување на обврзниците овој данок може да ја отсликува економската моќ на единиците за локална самоуправа.

Од досегашното работење централната власт не покажа поголем интерес за правилна и целосна имплементација на овој данок. Но, многу реално е единиците за локална самоуправа да покажат многу поголема заинтересираност и да го дадат полниот придонес во целосна примена на овој данок.

Исто како Законот за финансирање и Законот за локална самоуправ апожелно ќе биде да се одберат неколку пилот општини за да се стекне првичното искуство во преземањето на оваа функција на локалната самоуправа.

Гледајќи го моменталниот закон за даноци од имот кој што е презентиран во Службениот весник на РМ и претрпел измени во 1993, 1994, 1996, 2000 и 2001 година, ќе можеме да видиме во овие даноци на имот што наследува понатаму единицата за локална самоуправа и кои се даночните ослободувања. Мислам дека во даночните ослободувања нема неколку точки коишто беа во претходниот закон и би посакал министерот да ги земе во предвид. Тоа се зградите и земјиштето што се користат за просветни, културни , научни, социјални , здравствени, хуманитарни и спортски цели, освен зградите односно деловите од зградите и земјиштето кои се во економска експолоатација или се издадени под закуп.

Мислам дека тука треба да се направи малку поголема проценка затоа што голем дел од овие спортски Сали се направени со месен самопридонес, припаѓале

на граѓаните на овие единици на локална самоуправа. Сега се под владеење на Јавното претпријатие за стопанисување и делување со спортските објекти. За жал нивното едноставно работење на тој план е да обезбедуваат плати, да обезбедуваат трошоци за своите телефонскисметки и сето тоа 70% од оние приходи кои што ги собираат од овие спортски Сали, а другото останува само 20% за одржување.

Па, би замолил, до колку може министерот сето ова да го вгради на некој начин, овие спортски Сали да се дадат на користење на спортистите т.е. на единиците за локална самоуправа и со дел од данокот кој што може да бидат ослободени, овие спортисти да продолжат со понатамошно занимавање со спорт и да бидат во права функција во интерес на граѓаните на овие единици на локална самоуправа.

Тука исто така го нема градежното земјиште кое исто како земјоделското земјиште кое што беше ослободено би требало да се направи многу побрзо, да се изградат овие објекти, како што кажавме, да се најде начин како , што и понатаму ќе си работат.

Од ова што досега се случува  и се она што значеше контрола на наплатата на овие даноци доаѓаме до ситуација процентот на наплата да е многу мал така да контролирани 5 општини збирно во нив сите видови даноци се собрани негде со 52%.

Начинот на кој што  се наплаќаат овие даноци не е во ред затоа што решенијата се доставуваат по пошта и тоа со големо задоцнување од предвидениот законски рок 31.03. во тековната година и се случув анекој воопшто да не добие решение така да овој процент на наплата и натаму е низок поради тоа воспоставената пракса данокот на имот да се плаќа последниот месец од годината, а некогаш се случува и последниот ден од годината и покрај тоа што во Законот е предвидено тоа да биде секој три месеци.

Трендот на опаѓање на наплатата продолжува и не се преземени мерки за наплата и на подобрување на наплатата. Казнените одредби од  Законот не се применуваат и ако е предвидено присилната наплата на данок на имот, земајки во предвид дека за ова се предвидени парични казни.

Сите обврзници, барем до сега самите ги пополнуваа пријавите за данок на имот без тоа некој да го провери, дали одговара на пазарната вредност, односно без да се проверат пријавите за имотот кој е предмет на оданочување. Даночните пријави се нереални и необјективни и поради тоа мора да се врши постојано ажурирање и проверка на пријавената пазарна вредност. За поздравување на новиот закон е и

членот 5 кој што го носи министерот, за утврдување на пазарната вредност на имотот да биде според посебна методологија и оваа методологија би било пожелно да биде предложена до единиците на локална самоуправа и до граѓаните, да знаат за што всушност се работи. Барем досега не е сторено ништо за запознавање на граѓаните каде одат нивните пари, како се трошат нивните пари и што добиваат граѓаните откако ќе ги платат своите даноци. Тоа се случува и деновиве кога советите на општините носат некои решенија избрзани и едноставно вистинската информација не доаѓа до граѓанинот, дали со тоа ќе се покачи некој дел од данокот тој граѓанин добива подобра услуга или е во прашање само форма и на плаќање на некои стари даноци.

Затоа, се препорачува една широка медиумска кампања и промоција на потребата од зголемување на даноци на имот, со цел граѓаните да се запознаат со очекуваните позитивни резултати во изградба на инфраструктурата во своите единици на локална самоуправа. Ова може да се направи на повеќе начини, да се приближи до граѓанинот со правење на спотови, со делење пари по единиците на локална самоуправа, организирање прес конференции, јавни трибини по месни заедници и друго, за да бидат презентирани и овие закони кои се денес во прва фаза пред граѓаните, за да знаат што всушност добиваат и дали нешто оди во нивен интерес и како понатаму општините ќе ги реализираат барањата на граѓаните, затоа што сите овие закони ги носиме точно за нив.

Исто така, после првата година од имплементацијата на овие закони Министерството за финансии, како што кажа, комисијата што треба да ја направат или некој сектор во истото министерство треба да ја следи оваа имплементација и потребно е да изготви некој проект на некој среден период, па доколку овие проценки покажат дека значително е покачена наплатата на локалните даноци, во што реално се сомневам, затоа што тие први години се секако најтешките години, да предложат намалување на некои од даноците што се собираат на централно ниво, а пред се тоа би бил ДДВ.

Исто така, Владата односно Министерството за финансии треба да води сметка дека честото менување на даночните стапки создава несигурност при донесувањето на одлуки од страна на економските субјекти. Затоа е добро после овие првични проценки, наредните години овој данок да се донесува барем за две последователни години.

Читајќи го првично законот имам некои забелешки кои мислам дека министерот ќе ги земе предвид за конечната верзија.

Во членот 6 став 3 треба да се дефинираат причините. Тука стои она што се кажува за земјоделското земјишто, во кој многу јасно е кажано дека лицето кое нема да ги користи стапките на данок за земјоделско земјиште може да се зголемат од 3 до 5 пати во однос на стапките пропишани во став 1 на овој член. Но не може да се случи токму ова земјоделско земјиште и оние сопственици кои го имаат едноставно поради старост и финансиска немоќ да не се во состојба да го обработуваат ова земјиште и кога уште министерството или единицата на локална самоуправа ќе пропише данок 3 до 5 пати поголем, а во моментов знаеме како поминуваат земјоделците што она што го работат и она што го сработиле, колку Владата сето тоа им го плаќа, ќе дојдеме во ситуација воопшто повеќе ниту да насадуваат ниту да садат нешто, ниту да очекуваат некои приходи, а со тоа што нема приходи за оној што работи, за оној што стопанисува, какви приходи да очекува единицата на локална самоуправа. Мислам дека тука државата треба многу повеќе да води сметка и да се вклучи во сите овие ангажмани, да се обезбедат аранжмани кои ќе можат да обезбедат едноставно работењето на земјоделците да биде она што треба тие да го прават, да изведуваат и носат даноци кои понатаму ќе продолжуваат да важат и единиците на локална самоуправа ќе можат послободно финансиски да опстојуваат.

Во член 7 став 2 зборуваме за некој недвижен имот на странски дипломатски и конзуларни претставништва и на претставништва на меѓународни организации ако се во нивна сопственост по услови на реципроцитет. Јас мислам дека реципроцитетот е надвор од оваа теме, затоа што не можеме, ниту имаме такви можности за секој што бара тука да отвори конзуларно претставништво истото да го сториме и на нивна територија. Свесни сме за она што значи наша финансиска моќ и самите бараме 3-4 држави да бидат опфатени со едно конзуларно претставништво и мислам дека зборовите “под услов на реципроцитет” би требало да отпаднат во овој закон.

Имам уште неколку прашања до министерот и тука би требало да се дефинира што би значело економски згради во земјоделството, дали тука се мисли на силоси, амбари, штали, да бидат нагласени тие објекти. Станбени згради во селските населби во ридско планинските подрачја што ќе ги определи Владата на Република Македонија - дали Владата на Република Македонија може да каже кои би биле станбени згради, дали тоа ќе бидат вили, хотели, или обични куќи кои во моментов ќе се репарираат и ќе се поправаат за да бидат понатаму место каде што граѓаните повторно ќе се вратат на своите родни огништа.

Во истиот член ставот 5, даночното ослободување кое се однесува на деловните згради и на деловните простории кои служат за вршење на дејноста на обврзникот, да биде отстрането, а ваквото даночно оптоварување на стопанските субјекти да им биде надоместено со некое друго решение и тоа даночно олеснување кај данокот од добивка.

Значи овие забелешки на член 7 мислам дека министерот ќе ги види и ако постои некој начин сето ова да се регулира би било в ред.

Во членот 10 каде има предмет на оданочување на данокот на наследство и подарок во став 2 каде што стои: “данокот на наследство и подарок се плаќа и на готови пари, парични побарувања и на хартии од вредност”, би сакал да кажам да не се случува она што се случуваше порано, да биде изземено во самиот закон. Значи едноставно ако добиете конвертабилни сертификати за кои е побарано едноставно да ги платите давачките, а конвертибилните сертификати од вредност на 100% да стигнат до 7%, а да го платите данокот на вредноста која што е платена како подарок, затоа што подарокот стои, колку човекот добил такви сертификати и со која вредност, мислам дека тука ќе се случуваат проблеми и да се најде начин таквиот начин на размислување и работа воопшто да не функционира.

Во членот 15 каде се зборува повторно за даноци и даночни стапки, многу често се случува одредени луѓе, посебно социјални случаи да догледуваат постари луѓе кои понатаму како подарок им подаруваат имот, станови или целокупниот имот и би сакал тука, доколку постои можност, да се разгледа оваа ситуација, заради тоа што тука се ослободуваат обврзници од втор наследен ред и трет наследен ред или кој не е во сродство, тоа се 4-5%. Јас мислам за луѓе кои ја вршат оваа хумана работа и кои биле повеќе од 5 години заедно со оној што им го препишува имотот дека треба да се сметаат и оданочат со данок на наследство од прв ред и да бидат ослободени од овие даночни ослободувања, затоа што како социјални случаи доколку не поседуваат сопствени станови, како што пишува во законот, а сигурно не ги поседуваат, би требало заради нивната хуманост да не бидат доведени во ситуација заради ова што како данок ќе треба да го платат да не можат да го добијат ниту подарокот. Мислам дека тоа ќе го има предвид министерот.

Во членот 17 став 1 “ако наследникот што се прифатил за наследство го отстапи наследството во корист на лице кое би дошло до тоа наследство и во случај наследникот да не му го отстапил, данокот го плаќа единицата во чија сопственост преминува наследениот имот”. Дали може да се случи манипулација и во првиот и во вториот став, едноставно имотот останува кај оној што е прв наследник и истиот

не го препишува за да не се плаќаат овие даноци. Тука треба да се гледа фактичката и реална состојба, за да може да се наплати сето тоа.

Во членот 21 став 4 стои дека при продажбата на недвижноста во стечајната и извршната постапка, даночна основа е постигната продажна цена. Во сите други ставки е пазарната вредност и се инсистира и во комисиите и оние комисии кои ќе ги направи и министерството и подрачните единици на локалната самоуправа секаде да биде пазарната вредност онаа на која ќе се плаќаат даноците, без разлика дали се комуналните или други административни такси. Само тука во став 4 стои дека е постигната продажната цена. Јас мислам дека таа продажна цена фактички може да биде многу поголема од онаа што ќе биде презентирана за единицата на локална самоуправа за да може да го добие тој данок и тука би било добро она што ќе се процени како пазарна вредност, данок кој е многу помал во однос на се друго, така што данокот да се плати врз основа на пазарната вредност на оној објект што треба да се продава, ако имаме реална проценка на пазарната вредност, а мислам дека треба да стигнеме до таа реална проценка.

Истото со конзуларните претставништва го имаме во членот 5 став 2 со реципроцитет и мислам дека и тука треба да се размисли, тој реципроцитет не го гледам како нешто сериозно.

Би имал уште една забелешка на член 45 став 2, каде што граѓанинот ќе треба во постапката и начинот за обезбедување на плаќање на даночен долг односно даночна обврска - во член 45 став 2 вредноста на готовинскиот депозит треба да одговара на една половина на даночниотдолг односно на даночната обврска. Ако тој што се жали и мисли дека е во право, самата жалба покажува дека човекот мисли дека има право, ако е половина од целиот депозит, а кој може да го плаќа на месечни или тримесечни рати, ќе треба да го вложи како депозит за кој што воопшто не добива ни каматни средства и да е во право, тие пари ги употребува единицата на локалната самоуправа, оваа вредност мислам дека е голема и со тоа до обезбедувањето на средствата кои треба да бидат најдени и платени, ако тој не е во право треба да се дефинира, мислам дека ова е голема вредност за да може оној што се жали да ги има тие пари во готово.

Што се однесува до законот за комунални такси, би сакал да кажам неколку збора. Донесување на законот за комуналните такси ќе предизвика дополнителни трошоци, особено за физичките лица, со тоа што тие се оптоваруваат со дополнителни такси, особено со такса за користење и одржување на улично осветлување, што во некои општини го има и сега и тоа се наплатува и такса за

користење на улиците со патнички, товарни, друмски и приклучни возила. Треба да се напомене дека уличното осветлување по градовите не е на задоволително ниво, а некаде и воопшто го нема, а граѓаните и покрај неадекватната услуга од страна на општината ќе мора да ја плаќаат оваа такса.

Исто така, и кај таксата за користење на улиците, која е предвидено со овој закон да се плаќа при регистрацијата, иако не се работи за некои големи износи, сепак доколку се додаде на вкупните давачки кои граѓанинот ги плаќа, крајната сума е доста висока во однос на тоа што го добива за возврат. Од една страна, улиците не се одржуваат соодветно, а од друга страна се оптоваруваат со дополнителни такси учесниците во сообраќајот, за што не се обезбедени услови за нивно безбедно движење.

Во членот 15 од законот е наведено: “надзор над примена на овој закон и над прописите донесени врз основа на него врши општинската администрација”, што несоодветствува на функцијата за која што треба да постои таа. Самото име кажува дека се работи за администрација која би требало да ја пресметува таксата и да ја следи и евидентира наплатата, но не може таа да има овластувања, а сметам дека нема ни квалитет, ни капацитет како кадровски така и технички, за да може да утврди дали соодветно се применува законот и законските прописи. За извршување на овие активности постојат инспекциски органи и тие треба да функционираат во овој случај.

Во членот 17 - начинот на користење на средствата од комуналната такса што се плаќа за користење и одржување на јавното осветлување се уредува со акт на општината. Мислам дека во наведениот закон никаде не е регулирано и како алтернатива стои дека членот 17 се брише. Значи овој член за кој што говоревме и кај претходните даноци и кај овие комунални такси, никаде не е регулиран начинот на трошење на средствата прибрани од другите такси, освен за таксата што се плаќа за користење и одржување на јавното осветлување. Кога веќе оваа активност преминува во надлежност на општините, би требало општината самостојно да одлучува за што ќе ги користи прибраните средства, бидејќи тие се нејзин сопствен приход. Секоја општина има различни потреби и приоритети во кои е потребно да се вложат прибраните пари. Согласно наведеното, потребно е да се извршат корекции во однос на утврдувањето на предметот на оданочување, надзорот над примената на законот и начинот на користење на прибраните средства.

Понатаму се дадени тарифите за комуналните такси. Би почнал со неколку генерални забелешки. Да почнеме со тарифниот број 1 за фирма односно назив за

деловни простории на физички лица кои вршат дејност би изнесувала од 1300 до 1700 денари; деловните простории на физички лица кои вршат дејност а данокот го плаќаат во паушален износ од 350 до 700 денари; деловни простории на претпријатија и други правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и слично, за кои таксата изнесува 2000 денари, би биле од 4 илјади до 8 илјади; деловни простории на претпријатија и други правни лица од комуналните дејности од 2 илјади до 4 илјади и правни лица и откупните пунктови кои дејствуваат повремено од 2 илјади до 4 илјади денари.

Би сакал да помогнам во однос на ова, затоа што фирмите, тарифите, дали тоа се регулира со некој друг закон или би можело да влезе токму тука, да се дефинира големината, она што значи претставување на тие фирми, изгледот, писмото, кирилично писмо, латинично писмо - дали треба тука да се дефинира или да се дефинира на некој друг простор, но овој хаос што моментално го гледаме низ градските средини и воопшто секаде низ државата, мислам дека не носи овие фирми да се плаќаат едноставо врз основа на пријавата на оној што го има претпријатието без инспекциските служби воопшто да проверат за што плаќаат и како плаќаат.

Во тарифниот број 2 точка 3 “спортисти на Република Македонија поединци и екипи кога се подготвуваат за натпревари би требало да плаќаат некоја такса”. Неколку пати зборував, но ќе кажам уште еднаш. Мислам дека спортот во моментот во Република Македонија е донесен до најниските гранки што може да биде донесен и подолу од ова не може да се стигне. Ако и ова претставува дел од она што треба спортистите да закрепнат, овој данок посебно за спортистите ќе треба да биде избришан и воопшто да не постои во тарифен број 2, затоа што не само што има малку екипи што заминуваат на подготовки, таквите се многу ретки и ова што би биле некои средства воопшто не би биле поголеми средства од кои може општината да заработи или да изгуби со сето ова.

Понатаму, тарифен број 5 “за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места” мислам дека тука треба да се види дали треба да се направи некоја методологија како сето тоа би било рекламирано, во која големина, кои средства би требало да се презентираат затоа што се појавуваат многу приватни организации кои го прават сето тоа рекламирање, така што единиците на локалната самоуправа може да добијат многу малку од сето тоа.

Во тарифниот број 6 за музика во јавни локални годишно би се плаќало од 3300 до 6700 денари. Мислам дека оваа такса, посебно за општината е многу мала, гледајќи  што во моментов што и како функционираат сите овие здруженија на граѓани, кои што за презентација на таа музика во локалните и тоа не жива музика, туку било каква музика, земаат месечно многу повеќе средства, отколку ова што е предвидено на годишно ниво за општината. Мислам дека овие средства се не минимални, туку се смешни за некој кој што во еден ден може да извади 10 пати повеќе, отколку ова што е тука презентирано.

Понатаму, тарифниот број 8 за користење на плоштадите и друг простор во градовите во населбите и населените места, со цел за изложување на предмети и приредување на изложби и забавни приредби и друго се плаќа такса за заземена површина од м2 дневно од 3 до 7 денари. Ако вие во општината имате некој ваш што може да заврши така што да ви даде дозвола, можете да ангажирате 500 м2 во центарот на градот да изложувате предмети или да правите некоја изложба или забавна приредба и за тоа во наредните 10 дена би платиле една сума од 15 иљади денари, што значи тоа за општината, мислам и сами можете да пресудите кога за еден саат тренинг во спортските сали, кои што не се затоплени, кои се без топла вода, кои што немаат ни паркет каков што треба да го имаат, ќе треба за  час тренинг за тие млади деца кои спортуваат и се разболуваат, за жал, треба да платите 1400 денари. Значи, тука дневно би плаќале 1500 денари за цел ден што го користите просторот во центарот на општината, а од друга страна 1400 денари за 1 саат тренинг на младинска екипа, каде има дечиња по 16 или 17 години. Мислам дека ова воопшто не е во ред.

Понатаму, имаме тарифен број 9 за користење на просторот за паркирање на моторни возила. Јас мислам дека тој простор е во најголем број продаден на приватни компании или дадени под концесија и овие средства што тука се напишани, се неколку пати поголеми, отколку ова што тука претставува како средство. Затоа, општината овие јавни паркинзи, колку ќе има од нив и дали воопшто ќе ги има, ќе треба да покаже времето.

Во тарифниот број 10, каде што имаме користење на улиците со патнички, товарни и други моторни и приклучни возила, разликата за патнички возила до 1000 кубици од 30 до 70 денари и за патнички возила на над 1800 кубици од 300 до 600 денари, не знам која е целта на ваквото разделување десетократно поголеми давачки. Дали тоа што патничките автомобили над 1800 кубици ќе се движат на некои поасвалтирани патишта, дека ударните дупки кои што сега постојат во

градовите, нема да нанесат поголеми оштетувања на нивните скапи возила и токму поради тоа треба да платат повеќе пари во општините, тоа некако не соодветствува со цела оваа работа, затоа што автобусите и други возила што служат за превоз на патници, значи, автобусите исто плаќаат колку за едно возило од 1800 кубици. Тие такси дали соодветствуваат на она што е реалност, треба сите да кажеме. Товарни возила со носивост имаат некаде од 70 до 130 денари. Знаеме какви се нашите патишта, знаеме што се е направено за тие регионални патишта, да не бидат какви што се сега, што значи не е направено ништо и тука има проблем. Исто така, се бара наплата за сите видови моторцикли, а во градовите мислам дека, еве, сите доаѓаме повеќето од внатрешноста на Република Македонија, јас во Битола како втор град во Република Македонија  немам видено ниедна патека за моторциклисти, а да не зборувам за велосипедски патеки, кои што се многу нормални и единиците на локалната самоуправа барем во државите во Европската уника се обврзителни да ги направат. Значи, дали сето ова се прави само колку да се напишат некои бројки, дали имаме желба или можности да направиме нешто повеќе, да направиме патишта, за да можеме да побараме нешто подобро, затоа што ако почнеме како на Запад за нашиот автопат, веќе се случуваат да има ударни дупки, се случува да има животни, се случуваат несреќи и мислам за тоа никој не одговара, за жал, но во секоја држава која што држи малку до себе, ваквите работи, колку што можеме да земеме такси, ќе бидеме принудени истите тие такси или штети да им ги надокнадиме  на граѓаните и за истите да платиме средства, затоа што секој оној што го обврзувате да ги плаќа даноците, треба да му обезбедите и услови за да користи и опстојува во најдобрите услови.

Затоа, мислам дека министерот ќе ги земе предвид сите овие забелешки и сенадевам второто читање на законот дека ќе има некоја подобрена верзија. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има министерот за финансии.

Повелете господие Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателка,

Сакам само да дадам едно појаснување во врска со законот на дневен ред. Внимателно ја следиме расправата во врска со пакетот на закони и веќе сега можам да забележам една тенденција, која мислам не е доволно правична.

Во првиот закон за кој расправавме, а тоа е суштинскиот закон кој ги уредува односите, додека со овие три закони сега само технички го спроведуваме тоа што во првиот закон се уредува.

Најголем дел од пратениците дискутираа дека приходите на општините се недоволни и дека треба да се плати уште поголем број на даноци од страна на Република Македонија кон општините. Имаше бројки од 50% од персоналецот, 20% од ДДВ, ги сметам како, условно кажано, екстремни варијанти, кои доколку се видат буџетските импликации и тие што ги зборуваа и предлагаа во изминативе два-три дена, уверен сум дека, до колку не ги кажуваа само заради спектакуларност во настапот, ќе утврдат дека е практично апсурдно да се бараат таквите односи да се воспоставуваат помеѓу централната власт и општините. А, сега, од друга страна расправаме за законите кои ги уредуваат општинските даноци, кои општината сама ги утврдува и ги наплаќа со своја администрација, дури и за даноци и такси, кои општината сама утврдила која е висината во распонот, кој се утврдува со закон. Сега, имаме пак обратна тенденција. Во овие, каде што се законите за даноци на имот и Законот за комунална такса, што повеќе ослободување да дадеме на граѓаните по однос на даноците и таксите, кои целосно се во надлежност на општината. Значи, генералната тенденција ако е сосема спротивна на принципите на локалната самоуправа, тогаш не можеме продуктивно да расправаме. Ние воведуваме систем во кој одредени даноци, кои се логично да бидат на локалните власти, да бидат целосно на локалните власти и тие сами да ги наплаќаат, утврдуваат, па дури и да имаме можност советите на општините, како и ова Собрание во рамките на законот да утврдуваат висина на даноците. Тоа е на некој начин кажано, пренесување на едно уставно право на Собранието на Република Македонија на советите. Ние ја одредуваме рамката, која во некој случај се движи и во распон од 1 до 3. Дали ќе се плаќа еден денар или три денари или во проценти изразено ги утврдува советот на општината. Сега, наспроти тенденцијата кај делот од приходите што државата ги наплаќа, па пренесува на општините како нивни изворен приход, да речеме кај ДДВ, кај персоналецот, каде што направивме еден огромен исчекор, иако има доста критики морам да укажам на фактот дека ретко која држава во светот се одлучува на ваков систем на финансирање, во услови кога ги собира даноците, ги дава на општините целосно во делот кој го утврдува како надлежност, а после тие сами управуваат со нив. Знчи, не е битно дали ние е им дозволиме на општините во првите фази, затоа што е фазен и првиот закон како компарација, дали ќе ги собира даноците за некое училиште да го финансира или ќе

ги добива даноците од државата, битно е дека општината управува со тоа училиште, согласно законите. Сега, ако имаме тенденција и самата да ги собира даноците, јас ве уверувам дека општините такви какви што се, имаше дискусии и во оваа насока, што јас тоа го почитувам, нема да можат да ги соберат даноците и да менаџираат со нив. И, плус, искрено да кажам, ние не можеме уште во првата фаза да дозвлиме на општините сами да утврдуваат даноци, со кои ќе ги финансираат надлежностите кои им се пренесени по законот за локална самоуправа, а тоа се 10 надлежности и да одлучуваат како ќе ги финансираат. Затоа што, некои градоначалници и совети можат да одлучат врз основа на тоа дека на товар на образованието ќе форсираат социјална политика или на товар на законски одредената социјална политика, ќе финансираат образование или други надлежности од тие 10. Тоа ќе го дозволиме на оние општини кога после преодниот период ќе утврдиме дека добро менаџираат, дека покажуваат резултати. Наспроти тоа, сега во овие расправи за вчера и денес за даноците кои се во општинска надлежност стопостотна, гледаме една тенденција за што поголем број на ослободувања. Ајде да не плаќаат данок за ова, ајде да ги ослободиме од данокот на наследство, ајде да ги ослободиме од данокот на имот, зошто им се дава ова да се оданочува, тоа е една тенденција која е спротивна, затоа што општините треба да имаат сопствени приходи. Сега, како да кажам, наспроти целата оваа расправа во претходните седум-осум дена во Собранието, Владата се доведува во ситуација да мора да го каже тоа што пратениците по првиот закон го кажуваа. Дозволет им на општините да имаат сопствени приходи. Ако ние влеземе во системот на даноци и такси кои се исклучително општински со овие три закони што ги уредуваме тука и тука даваме голем број на објаснвуања, ние практично ќе ја извлечеме чергата од под нозе на општината што е главна нивна надлежност, да можат да собираат средства, за кои сами одлучуваат каде ќе ги трошат. Затоа што, за другите средства што даноците ги собираме ние и ќе им ги доставуваме и тие немаат, искрено кажано, голема слобода да одлучат каде ќе одат трошоците за плати или трошоците за, материјалните трошоци за одредени установи кои се децентрализираат. На нив сеуште ќе ги дава државата. Мислам дека не би требало од различни причини да бараме да се воведуваат голем број на ослободувања точно за оној мал дел од финансиските средства на општините во првата фаза кои самите го наплаќаат. Што повеќе оттргнување од такви средства, толку повеќе финансиска несигурност на општината. Ако им пропишеме дека има ослободување од тој данок, тие нема да можат да го наплаќаат. Овде е балансирано на начин да можат и тие некои средства

да соберат, доколку имаат ефикасна администрација, а ефикасната администрација во таа сфера од 01.01. ќе зависи од општините.

Второто, во врска со ова сега конкретно е во врска со последната расправа каде што се расправаше за висината на комуналните такси и за видот на комунални такси, кои овој закон утврдува да се наплаќаат. Владата пристапи по следнов принцип. Не утврдува нови комунални такси, тие се постојните кои досега беа и не оди со радикално менување на вредностите кои досега беа, пошто тие се такси се утврдуваат во апсолутна вредност, нема друг начин, ако се утврдуваат во проценти, тогаш ќе бидат некаков вид на даночно оптоварување, ние го земавме принципот, постојната комунална такса одредена со законот за комунални такси во Република Македонија плус минус 1/3. Значи, условно кажано, ако имало комунална такса од 4,5 илјади денари, вредноста на општините која сами ќе ја пропишат, ја даваме во распонот од плус минус 1/3. 1/3 на 4,5 е 1500, станува горната граница 6000, 1/3 минус е 1500, тоа е 3000. Затоа, на општините им даваме можност, градоначалниците и советите, како впрочем ин ие кога одиме на избори како државн избори, кажуваме што ќе правиме со даноците и тн., да можат и тие пред граѓаните да настапат со своја програма. Плус минус 1/3 од 4,5, создава распон од 100% во комуналната такса што општините можат да ја пропишат. Па, нека излезат и тие пред граѓаните, што е логично, со својата одговорност и да соопштуваат дека, доколку за одредена такса има од 3 до 6, нивната позиција ќе биде максимализација, па да ги пропишуваат горните или приближно до горните, па со тоа ќе кажат од тие приходи ние ќе финансираме согласно законот дополнително тоа што ќе го финансираат, а тоа е уредено со законот во кој сфери можат, со законот за локална самоуправа или е одат со минималистички стапки, за да ги олеснат товарите на граѓаните или на правните лица. Значи, Владата не пропишува нови комунални такси и не пропишува радикално променети односи помеѓу нив, барем во оваа фаза преодна кога се засновуваат новите општини, со новиот фискален нивен капацитет.

Можеме да размислуваме за радикално менување на таксите и нивната висина во некој втор период. Меѓутоа, мислам дека во првиот мандат на новоформираните општини и оваа граница што се утврдува од плус миус 1/3, која во основа им дава на сите комунални такси разлика од 100% од долната до горната граница од прилика,  е доволна слобода да можат да водат соодветна даночна политика градоначалниците и советите и со тоа да имаат легитимитет кај граѓаните сами да одлучуваат, дали ќе сакаат малку повеќе такси или даноци по тој основ да платат и да имаат подобри финансии во општината или ќе плаќаат помалку, додека

на избори решат согласно со новите услови на локалната самоуправа. Така што, ние тука не се одлучивме да воведеме некоја нова радикална политика, освен распонот во кој тие сами ќе одлучуваат. Генерално за Република Македонија може да се случи ако сите градоначалници и сите совети во новоформираните општини после 1 јануари 2005 година, ги предвидат максималните стапки, со цел да повлечат повеќе средства од граѓаните, тогаш ќе дојде до општо даночно оптоварување во Република Македонија на грааните. Меѓутоа, за тоа, условно кажано, одговорноста ќе ја сносат тие на кои ќе им ја дадат власта. Ние, сепак, мора да признаеме дека со процесот на децентрализација на граѓаните им даваме до знаење дека за даночниот товар, барем во еден мал дел од сега натаму ќе одлучуваат и нивните локални власти. Така што, општиот даночен товар во еден дел, но помал, радикално помал, ќе зависи и од нив. Во радикално поголем дел, како и во сите држави, тоа ќе зависи од централните органи на државата, Парламентот ќе ги пропишува даноците. Ако пропишат обратно помали, минимални стапки, тогаш ќе дојде до даночно и по основ на такси растоварување на граѓаните и во тие услови новите градоначалници и совети, веројатно, ќе знаат да балансираат зошто тоа го прават.

Со оглед дека се работи за голем број на тарифни ознаки за комунални такси и за три даноци, распон на процентите кои ќе го утврдуваат тој процент на данок на имот, кој процент на промет, кој процент на данок на наследство, ќе се создаде сет, еден комплет на околности, во кои ќе функционираат општините и затоа на нив ќе им биде потребна администрација која ја предвидуваме, затоа што тие ќе треба да менаџираат колку средства по кој основ ќе повлекуваат, како ќе ги пропишуваат, кого ќе стимулираат и кого ќе дестимулираат. Ако сега навлеземе во конкретни елаборации, ќе треба многу време да се одземе. Да речеме, беа спомнати некои броеви, на пример тарифниот број 2. Дека спортистите кога се подготвуваат за натпревари, ќе плаќаат од 15 до 30. Прво, таа не е нова такса, таа комунална такса постои и сега, не ја пропишува овој закон, туку само ја предава целосно во надлежност на општината и му дава распон, ако општините сакаат да привлекуваат, ќе привлекуваат. Инаку, ако забележите во тарифниот број 2 каде што се уредува таксата за привремен престој, нормалната такса е 30 до 60, а оваа е 15 до 30, значи, веќе половина од нормалната такса е бенефицирањето за спортистите. Ако Парламентот сега одлучи, може да направи и такви разлики, меѓутоа, ќе им оневозможиме на општините да можат да водат политика во тој дел. Затоа, во овој дел, со овие три закони каде што се уредуваат општинските надлежности, јас би дал поголема слобода на општинските органи сами да си одлучуваат како тоа ќе го

прават, а не ние да им ги даваме олеснувањата. Инаку, да кажам и тоа дека нема дополнителни даночни ослободувања. Ние одевме со систем во кој во даноците кои се пропишуваат и предметот на оданочување и даночниот обврзник и даночната основица остануваат исти, а додека даночните стапки ги пропишуваат општините, односно општинските власти, тие органи што се адлежни и врз основа на тоа даночните ослободувања и леснувања остануваат исти.

Можеме да имаме и различни видувања, се разбира, дали да го направиме така или е. Во овој момент ставот на Владата е тоа што го изнесов и мислам дека треба во делот на нивните надлежности кај даноците и таксите за кои сега разговараме, да им дадеме што поголема слобода на нив самите. Тоа можеби за некои од општините и некои од граѓаните во Република Македонија, ќе значи подигнување на даночното оптоварување, меѓутоа, тоа ќе се решава, условно кажано на изборите. Ќе го оттргнеме од нашата централна власт и Парламент и Влада тој дел на надлежности.

Само за да не одземам евентуално понатаму збор за истото прашање, кај делот на административните такси, кои преминуваат во надлежност на општините тој принцип не го запазуваме, затоа што сметаме дека таму не треба да дојде до разлики во Република Македонија. Значи,м остануваат единствени административни такси, без распон за кој можат да одлучат општините, затоа што се работи за такси, за надлежности, кои на целата територија на Република Македонија, сметаме дека треба да имаат иста вредност. Затоа што, се работи за различни такси од комуналните, не се комунални, туку се државни кои преминуваат во овој момент на ниво на општина и сметаме дека таму разлики не треба, дозволи за градба и тн. Таму треба да останат единствените, за да обезбедиме единство на пазарот во Република Македонија.

Инаку, ако ми дозволите и едно похрабро толкување, кое можеби ќе ми замерите, зашто не е само во надлежност на Министерството за финансии. Пошто во една фаза, иако за овој закон не се однесува , се допира и територијалната поделба. Јас веќе дадов изјава во медиумите, сакам и овде да кажам, со оглед дека тоа се дебатираше, Владата, мислам имаше посочувања дека Владата го згрешила редоследот на настаните со законот.

Веднаш да укажам дека Владата не го згреши редоследот и дека двата закони, Законот за територијална поделба и Законот за градот Скопје, ги гледа како еден пакет, како и Законот за финансирање, тоа се четири закони како еден, условно да кажам, и достави во исто време. И добро е што се гледаат на една седница, еден

по друг и нив треба да ги третираме како пакет на закони. Инаку, фактички е невозможно да се водат две паралелни расправи за финансирање и за територијална поделба. Ние ги дадовме заедно и баравме од претседателството на Собранието да ги стави на дневен ред една по друга, затоа што тие претставуваат една врзана целина и така треба да ги гледаме.

Тенденцијата која сега постои во Република Македонија да се зачува сегашниот број на општини ќе направи во овој дел, за кој сега разговараме два проблеми.

Прво, ќе создаде општини со низок, или условно кажано со никаков фискален капацитет за да ги исполнуваат функциите дадени во Законот за локална самоуправа, членот со 10-те надлежности односно во овој закон да створат услови да можат да ги финансираат тие надлежности. Тие општини ќе ги доведат сопствените граѓани во надлежностите кои се даваат на општините во непријатна ситуација, затоа што тие надлежности заминуваат од централната во локалната власт, а локалната власт не може да ги остварува. Тогаш ќе настане вакум во кој дел од граѓаните во таквите општини ќе имаат проблем. Затоа апелирам кога се разговара за финансирањето постојано да се има на ум дека ова, условно кажано, не поддржува многу мали општини. Такви општини не ќе можат ова да го спроведат затоа што ќе имаат постојан конфликт помеѓу нивото на расходи и надлежностите од една страна и нивото на приходите кои треба да ги обезбедат и административна поддршка на тие приходи за да може да ги остваруваат. Од тој агол владата нема поднесено различен редослед на законите туку ги поднесе во исто време со цел да се третираат како единствен пакет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на вашето излагање г-дин министер има г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАРОВСКИ:

Господине министер добро е што во слушнавме и со ова последно ваше објаснување вие веќе дефиниравте. Јас незнам што ќе говориме за триторијалната поделба кога ги елиминиравте сите мали и рурални општини, затоа што не можат да опстојат, затоа што во Вашиот закон за финансирање ќе треба да имаат ефикасна администрација од околу 10-тина вработени а тие имаат сега само градоначалник и секретар, а функционираат добро и направиле повеќе отколку цела администрација во претходните 40 години што направила за нив. Но, затоа кога ќе дојдеме на таа тема и мислам дека ќе бидеме многу појасни затоа што сега ние говориме да земеме

штоф, а незнаеме на кого ќе му кроиме костим, дали за вас или за мене и сигурно дека нема да ни треба исто.

Второ, мислам дека за комуналните такси овој случај не кажува да се намалат. Јас апелирам за тоа да бидат зголемени голем дел од нив, затоа што ако е нешто нереално, изнесува 3000 денари за цела година, а вие давате можност општината да го зголеми тоа за една третина, тоа е уште 1000 денари. Тоа се минимални средства и тука треба единиците на локална самоуправа да се остават максимално во однос на она што значи реалност дас се најде една цена која ќе донесе некој приход за единиците за локална самоуправа.

Дрдуго, гледајќи многу закони кои што паралелно се носат со законите за единиците за локалната самоуправа стигнуваме до законот каде што имаме објаснување на територијалната поделба и каде што се објаснува што за државата, што државата ќе задржи восвоите даноци. Стојат сите хотели со над три ѕвезди, стојат сите спортски сали за кое што јавното претпријатие ќе оцени дека стопанисуваат добро да остане повторно под државни јанси, па објектите што имаат над 1000 м2, и индустриски објекти, повторно данокот да го удира државата и сега ќе дојдеме во ситуација она што носи пари во било која општина, она што загадува, како што е РЕК и останатите големи претпријатија кои функционираат на ниво на држава дека единиците за локална самоуправа од нив ќе имаат само штета. Сите придонеси кои треба да се плаќаат нема да завршуваат таму каде што се врши оштетувањето.

Друго, си го задржуваат правото за сите овие давачки како државна власт да можете да наплатите преку јавното претпријатие 1400 денари за еден тренинг, за еден час тренинг, во спортска сала и општината да може да наплати 1400 денари за цел ден да користи некој простор во центарот на Градот од 500 м2. Тука апсолутно нема никаква логика. Мислам дека овие давачки, биле дадени овие такси во некое време кое е одамна поминато и тука нема апсолутно никаква коресподенција со она што значи вистина и реалност во дадениот момент. Затоа мислам дека треба да се направат овие поделби и овие такси, таму каде што треба да се зголемат и тоа не во овие граници што ги давате од една третина, може и повеќе. Тука не се разбравме, барам и понатаму, таксата за спортистите како Собрание, барем една капка во морето да направиме, едноставно да се избрише ако давачка затоа што ниту единиците на локалната самоуправа ниту државата да ги донесат во некоја подобра ситуација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-ѓата Марија Којзаклиска.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Г-дине министре,

Вчера имав излагање во врска со данокот на имот и таму потенцирав, а и денеска ќе кажам.

Никој во оваа сала не е против децентрализацијата. Сите се согласуваме дека децентрализацијата е нужен процес и тој мора да постои.

Од друга стсрана постои финансиска немоќ на граѓаните со оглед на бројот на невработените кои постојат во Република Македонија . Тоа и вие сами го потенциравте дека скоро е пробиена психолошката бариера на вработеност во Република Македонија . Значи, две работи кои мора да ни бидат кристално чисти. Дали ќе најде Владата можност да ги спои тие две работи и оваа децентрализација да ја поминеме што побезболно останува да ја видиме Владата.

Ја слушав вчера вашаста изјава во врска со единиците на локална самоуправа кои се мали по број и во која тврдевте дека единицата на локална самоуправа нема доволно средства за да може да опстане и да ги доведе во опасност опстанокот на граѓаните.

Меѓутоа, јас би сакала да ве демантирам. Ако вчера успеавте да видите на вашата маса имаше анализа на финансиските аспекти од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа од општина Тополчани. Во самата општина во оваа анализа што е направена е даден прецизен податок колку приходи се собираат од данок на имот, колку приходи се собираат од данокот на недвижности и права за општина Тополчани, Данок на подарок, комунални такси, административни такси, комуналните такси за улично осветлување, така да луѓето на крајот констатираат во единицаста на локална самоуправа, општина Тополчани, дека со тие приходи можат да продолжат да работат. Затоа што вие ја загатнавте темата за територијалната децентрализација и прејудициравте дека таквата како што ја има предложено Владата ќе остане и натаму и вие намате намера да отстапите од таквата територијална поделба, како што кажа колегата Спиро Мавровски, незнам која ќе биде суштината на дебатата, на објаснувањето. Дали тогаш бројките ќе може да ви докажат дека сите 123 единици имаат можност за финасиско опстојување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг има за реплика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дури и сега сите 123 општини имаат проблеми со финансирањето, со надлежностите кои ги имаат. Можете да замислите што ќе се сллучи со пренесувањето на надлежностите. Значи, изјавата дека немаат проблеми не е точна. Дури и големите општин имаат проблеми со финансирањето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Блаже Стојановски за реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван министре, точно е дека имаат проблеми со финансирањето сегашните општини, меѓутоа, точно е дека ние не добивме никаква анализа за проблемите со кои што тие се соочуваат со досегашните надлежности, согласно претходниот закон за локална самоуправа. Точно е и тоа дека сте контрадикторен во искажувањето.

Од една страна велите дека добро е што на една иста седница се претресуваат и законите за локалната самоуправа и за територијална организација на Република Македонија, меѓутоа, од друга страна не ги кажувате критериумите за финансирање врз основа на кој што се тргнувало при концепирањето на овие закони. Ние, немаме никаква проекција на средства кои ќе бидат собрани на овој начин, како вкупен износ ни како проекција што ќе бидат собрани во пооделни општини. Ако е тоа така тогаш вие сте морале да тргнете при концепирањето на овие закони од она што претставува предлог на Владата во смисла на помал број на општини од оние што се сега постоечки. Со тоа, фактички вие прејудицирате што би се изгласало на ова Собрание по однос на територијалната организација на Република Македонија. Значи, тоа е една недоследност која навистина стои.

Од друга страна сакам да кажам дека во однос на начините на собирање на средства и екипираноста на општините, сите тие проблеми исто така претставуваат еден многу битен сегмент кој ќе биде прв и примерен проблем со кој ќе се соочат овие општини после 1.01.2005 година, а во ниту еден од овие закони нема децидно утврдено со какви кадри располагаат тие општини и какви треба да имаат онаму каде што немаат и на тој начин да нема вакум, туку да почне нормално да функционираат општините кои ќе бидат утврдени преку законите кои ги носиме. На тој начин да можат да ги остварат сите надлежности што ги имаат со новиот закон за локална самоуправа, кои се навистина многу поголеми од оние што ги има со претходниот закон.

Од овие причини сметам дека требаше прво да се разговара за територијалната организација на Република Македонија. Министерството за финансии да ги има на увид бројот на оптштините кои би се утврдиле во ова Собрание како бројка и на тој начин ние да добиеме анализа за приходите кои се потребни за функционирање на секоја општина посебно. На овој начин, вие имате проектирано приходи за 73 или 74 општини, меѓутоа, со тоа го прејудицирате бројот на општините кој што треба да го утврди ова Собрание, имајќи ги во предвид сите економско, социјални, природни, културни и други особености кој што ги има секоја општина поединечно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прво, надлежностите на општините се утвредени со друг двотретински закон и тој се вика Закон за локална самоуправа. Овој закон не ја следи територијалната рспределба туку ги следи надлежностите што се утврдени со Уставот на Република Македонија и со двотретинскскиот закон. Ако, таму се дадени надлежности во точките од 1 до 10 кои треба да ги исполнуваат општините овој закон и помага да го финансираат таквото исполнување.

Некои од општините не можат да ги исполнат критериумите, да ги исполнуваат тие 10 обврски од Уставот и од Законот за локална самоуправа согласно новиот систем. А ме интересира г-дине Стојановски, ако немате пресметки за ништо како треба да функционираат општините врз основа на што ни тврдите дека треба да останат 123 општини во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Илија Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Мислам дека г-динот министер навлезе во една тема што не е во неговиот ресор, тоа е Законот за територијална поделба и тоа не е толку лошо, бидејќи има поврзаност помеѓу овие закони и затоа се пакет на закони за децентализација. Меѓутоа, јас би го запрашал дали овие економски, финансиски аргументи кои што претходно ги кажа важат за сите општини во Република Македонија односно руралните или помалите и конкретно дали важат за општините Осломеј, Зајас, од кои едната има 12 илјади жители, другата 10 илјади жители, а се припојуваат кон општина Кичево. И двете општини располагаат со инфраструктуа од било каков вид, не само со комунална инфраструктура, туку и од секаков друг вид. И двете општини

располагаат со имоти и барем  овие даноци што сега ги разгледуваме, а и комуналните такси во тие општини се сигурно многу поголеми отколку во некои градови во Источна Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал реплика на г-динот министер за финансии, г-динот Никола Поповски.

Пред се добро е што се јави сега да даде едно свое видување во врска со пакетот на закони за деценрализација. Мислам дека многу корисно ќе беше и ќе ни користеше на нас пратениците доколку јавувањето беше на почетокот на паќетот на закони за децентрализација кое што го отворивме со Законот за финансирање на локалната самоуправа, бидејќи кажа некои работи кои навистина мислам дека требаше да ги слушнеме на почетокот, за поврзаноста на тие закони, нашите дискусии околу таа поврзаност и слично.

Иако г-динот заменик министер Кокаровски, го даде своето видување само за законот за финансирање на локалната самоуправа. Исто така, сметам дека по секој од овие закони би требало предлагачот да даде свое видување за да би можеле ние во нашите дискусии да бидеме што поефикасни.

Што се однесува на она што го добивме како одговор на говорите, сметам дека се однесува на говорите на пратениците од опозицијата беше генерално кажано дека ние како опозиција сме барање во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа да има зголемување на даноците, на зафаќањата и останатото што треба да биде како приход на општините, на единиците за локална самоуправа, а овде сме барале голем број на ослободувања, што навистина доколку е така е нелогично. Меѓутоа сакам да го потсетам министерот дека имаше конкретниговори и во тие говори имаше конкретни предлози, мислења, забелешки, во кој што голем дел и од членовите на Законот беа ставени како оправдани. Тоа е добриот начин на решавање. Значи, не беше се во смисла на оцрнување на овој закон. Впрочем и нашето гласање го покажа тоа дека ние го поддржавме како  концепт, нормално нашите забелешки да се земат предвид понатаму.

Инаку, затоа што кажавме дека треба да постојат 123 општини, ние стоиме на таа констатација и до крај ќе опстоиме бидејќи сметаме меѓу другото дека ова е еден од капиталните проекти, многу сложен, многу обемен и воедно доколку биде вака донесен е многу ризично. Значи ќе постојат многу дилеми и многу недоречености,

бидејќи од една страна се менуваат општинските граници, се ставаат нови надлежности и финансирањето на тие надлежности и на постојните и на дополнителните има една нова форма. Сето тоа е направено во еден краток временски период, кое што сметаме дека не е пракса во другите земји кои што ја поминаа децентрализацијата. Исто така мислам дека тие го направија тоа во еден подолг период се со цел бидејќи е многу сложен овој проект.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Бидејќи г-динот Блаже Стојановски беше запрашан во последната дискусија на министерот, ако може накусо да објасни.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ние како пратеници работиме и ги анализираме податоците кои ги добиваме на различни начини, меѓутоа, за чал не ги добиваме од оние кои што се надлежни да ги доставуваат. Односно не ги добивме од страна на Владата на Република Македонија за да можеме реално и со целосни показатели да диску
тираме во однос на законите за децентрализација на Република Македонија.

На овој начин, само се потврдува несериозниот однос на Владата, односно пакетот закони за децентрализација претставува само еден политички компромис кој што го имате направено со вашите коалициони партнери.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, завршија репликите.

Продолжуваме со дискусиите.

Има збор г-динот Ѓорѓе Паљошковски.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, почитуван министре,

Пакетот на законикои ја регулираат децентрализацијата .несомнено претставува суштински елемент во изградбата на локалната самоуправа како политички, општествен и економски систем. Во ред е тоа, да се инсистира на зголемување на надлежноста на општините. Од сите аспекти на нејзиното функционирање, како и од територијално политички, економски, социолошким во таквото инсистирање во име на стандардизација со современите текови на локалното функционирање наопштините. Како светски призната категорија е неопходност за секоја демократска држава мора да биде потрепено со цврсти законски тршенија кои ќе го обезбедат тоа.

Со понудениот пакет закони од Владата на Република Македонија , Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа, финансирањето на општините, даноците на имот, административните и комуналните такси повеќе од очигледно е дека се создава законска рамка што има сериозни пропусти. А, законски решенија што во себе содржат недостатоци од суштенски правен карактер, во практиката доведува до блокирање на тековите на нормалното функционирање на материјата што тие ја регулираат.

Децентрализацијата е сегмент што е основа на демократските држави. Ни една земја во светот со сериозно имплементирана демократија, во правна и функционална смисла не подразбира и лошо димензионирање на правна рамка.

Евидентни се примерите на земји во транзиција што споредвуваат коректна промена во локалното самоуправување бидејќи и за нив, како и за Република Македонија од круцијално значење е систематизацијата на локалното самоуправување како база на демократијата. Неоправдано е вакви сериозни законски проекти да се базираат на образложенија дека нивното експресно пролонгирање ќе доведе до децентрализација на политичкиот систем.

Со предложените закони за децентрализација Република Македонија неможе да го пправда суштинското децентрализирање на власта. Посебно во делот на фискалната децентрализација и предложените даноци за имот, на административните такси и комуналните такси. Компаративните согледувања на предлогот на законот за даноци на имот не кореспондираат со современите трендовите на фискалната децентрализација. Фискалната децентрализација е основата по која мора да се раководи секоја Влада, до колку сака во земјата да воспостави квлаитетен процес на децентрализација.

Во изминатиот период, данокот на имот беше биден и значаен дел од буџетот на локалната самоуправа. Неговото учество изнесуваше од 70 до 80% од вкупниот буџет на општината, со што се обезбедуваше квалитетна рамка за нивна егзистенционалност и негово администрирање од суштинска важност дали локалната самоуправа ќе го реализира годишниот буџет.

Влијанието на локалната самоуправа врз наплатата беше исклучеон, бидејќи таа обврска државната администрација преку Управата за јавни приходи си формирала и тука некои аномалии, посебно од инертниот однос на Управата за јавни приходи при реализирањето на овие даонци. Тоа секако имаше и свои реперкусии во остварувањето на тековните финансиски обврски.

Тенденцијата на предложениот закон и новина е администрирањето на наплатата да биде во надлежност на општинската администрација. Но сепак, тука се појавува можност од негативно имплементирање во реалните состојби во општината, пред се од проблеми од персонална структура на постојните општини.

Имено, кога ќе се согледа дека постојната структура несомнено се наметнува сознаието дека постои голема веројатност од неадаптирање на вработените во постојните општини поради промените на законската регулатива. А, уште поголем проблем би се јавил во општините кои имаат дефицит на работни кадри или кадри кои не располагаат со потребно искуство.

Решенијата во предложениот закон за даноци од имот имаат одредени негативности. Предложените стапки на данокот на имот што се утврдени од 0,1% до 0,2% не се во функција на децентрализирањето на локалната самоуправа. Поконкретно, во спроведување на сложениот процес на фискалната децентрализација. Во предложениот закон може да се види дека се појавува контрадикција помеѓу заожбите на Република Македонија за нејзиното квалитетно финансиско децентрализирање во согласност со европската стандардизација на истите. Може да се согледа дека се работи за класично дебалансирање на декларираниот процес на фискалната децентрализација посебно ако се види дека општините се лишени од привилегиите за зголема фискална децентрализација односно декларативната определба за обезбедување н аопштините, поширока и адекватна финансиска автономија.

Финансиската децентрализација подразбира либерализација на општинските активности и надлежности, поголема слобода на општините во определување на даончните стапки. Искуствата и тенденциите на еворпските држави се да обезбедат поголема слобода во утврдување на даночните стапки. До колку нашата состојба ја следиме компаративно со тие земји, поконкретно со Република Словенија, можеме да констатираме дека Словенија се движи од 0,1 до 1% во Република Македонија односон во предложениот закон на имот може истото решение да се имплементира како перспективно или да се воспостави нов дијапазон од 0,1% до 0,2%. Да речеме, солидон би било ако е предложена стапка од 0,5%.

Законот има недоследности во имплементацијата на самиот закон на локално ниво. Менувањето на даночните стапки отвора можност за несигурност и при донесување на одлуките на економските субјекти. Неминовно е во законот да се имплементираат базичните точки преку кои би се остварила стабилност во локалните даончни системи. Тоа би се обезбедило така што во членот 6 ќе се

пропише дека еднаш утврдената стапка од страна на Советот ќе има важност најмалку две фискални години.

Проблематично е и решението на предложените измени. Градежното земјиште е изземено од даночните ослободувања и олеснувања. Приоритет на општините во Република Македонија , посебно на општините што располагаат со природни ресурси како природни богатсва, како извор на приход треба да биде и давање под концесија или закуп за искористување на природните богатства.

Постоењето на општините од рурален карактер што не се во состојба да остварат приходи по други основи, приоритетно е како извор на приходи да се опфати и користењето на издавање  на природните богатства под концесија. Потребно е да се изврши конкретно дефинирање на концесиите. Така би се обезбедил заеднички приход на централната и локалната власт. Имено, подрачјата кои располагаат со природни богатствам ораат финансиски да ги искористуваат тие дефиниции.

За општините од рурален карактер од суштинско значење е данокот од имот на земјоделско земјиште. Тоа е во корелација со структурата на населението во тие општини што се занимаваат со земјоделството како нивна основна дејност за егзистенција. Со индустријализацијата на градските центри во изминатиот период во руралните подрачја тие се запоставени. Голем број сопственици на земјоделско земјиште што денеска живеат во градските центри данокот на имот од земјоделско земјиште ќе го плаќаат во општините каде ката старски припаѓа тоа земјиште, како значаен приход за нив.

Во вкупните приходи од данок на имот, недвижен имот од правни лица изнесува околу 50%. Во случај кога би се извршило даночно ослободување што со законот се предвидува а се однесува на деловните згради, деловните простории што служат за вршење на дејност на обврзникот, во секој случај претставува имот на обврзникот, многу негативно ќе влијае врз буџетите на општините. Затоа , овој дел треба да се смета како данок од имот на локалната самоуправа.

Приходите на локалната власт со фискалната децентрализација мора да бидат зајакнатиа. До колку локалната самоуправа, конкретно општината не остварува солидни приходи се доведува во прашање нејзиниот опстанок како единица на локалната самоуправа. При концепирањето на фискалната децентрализација, што всушност подразбира фискална автономија на општината, мора да се води сметка за економските интереси на општината, изразени преку барањата на граѓаните. Но, очигледно е дека Владата на Република Македонија

неаналитички и неаргументирано спроведува финансиско дистрибуирање на локалната власт, со лишување на фискално зајакнување на општината. Тоа може да се согледа преку предложените даноци за имот, конкретно од данокот за наследство и подарок.

Во предложените стапки на данок за наследство и подарок е предвидено обврзникот од втор наследен ред 3%, а на обврзникот од трет и натамошен наследен ред 5%. Како стапки, компаративно со други земји, со зголемување на даноците, сигурно би се иницирала можност за зајакнување на општините од финансиски аспект.

Интересен е и Хрватскиот пример за данок на промет на недвижности каде е привилегирано, младите брачни парови кои го купуваат првиот недвижен имот, се ослободени од плаќање на данок на недвижност, со што им се намалуваат трошоците поврзани со нивното станбено прашање. Со предложениот закон за имот за млади брачни парови не е предвидена таква привилегија, што е доказ дека законот не нуди можности за помагање на состојбата на младите брачни парови кај нас.

Дали Република Македонија е во тешка економска состојба и мора да се води ефикасна социјална и економска политика со што на младата популација би им се обезбедиле критериуми за мирен живот што би биле во соодност со реалноста. Младите во Република Македонија се соочуваат со сериозни проблеми, а државата, Република Македонија е должна да ги помогне. Примерот со Хрватска покажува и сугерира дека младинската политика е неминовна категорија за општиот развој на државата, а посебно на локалната самоуправа, што е област каде младите, воопшто граѓаните најнепосредно живеат, функционираат и работат.

Почитувани колеги пратеници,

Многу пати е потенцирано во науката, практиката и политичкиот живот дека локалната самоуправа е чувствителна свера и како таква треба да се третира од сите релевантни фактори одговорин за нејзиното регулирање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Паљошковски јас се извинувам, меѓутоа нели ви се чини дека отидовте малку прешироко. Говорите за локалната самоуправа уште за прапочетоците на локалната самоуправа. Некои работи ги имаме надминато. Јас ве молам да се приближите кон она што е на дневен ред. Ве молам.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Бидете стрпливи.

Посебно фискалниот децентрализам и основниот столб што обезбедува стабилност во локалното функционирање, стабилноста на системот на локалната самоуправа зависи од финансиската автономија на општините. Секоја слабост на законите што ја регулираат материјата на фискалната децентрализација мора да биде доследно подготвена со согледување на сите негативни реперкусии што би произлегле од конкретните недоречености во самиот закон. Затоа е потребно да следат искуствата на земјите во транзиција, циклус кој врши формализација на нивното законодавство и аналитичко согледување на Европската заедница. Како фискален децентрализам ќе постои во Република Македонија  зависи од конкретната територијална организација на Република Македонија . Од тоа за многу општини ќе биде одлучувачко дали тие ѓе го понесат товарот на децентрализацијата.

Со постојниот концепт на општините, од 123, уверен сум дека со квалитетно законско решение за фискална децентрализација општините ќе успеат да го продолжат започнатиот процес на децентрализација, како клучен фактор за задоволување на барањата на граѓаните, опстојување на самите општини и секако интересите на Република Македонија како аспирант за вклучување во евроатланските интеграции, ќе биде добро.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам и јас.

Ве молам колеги да се придржуваме до точката од дневниот ред. Сепак, да не правиме прешироки експликации на општи теми што до некаде ја допираат темата, меѓутоа не се стриктно на темата. Да се почитуваме меѓу себе. Сите ние тука сме пратеници дојдени да одработиме, да ја завршиме работата.  Јас ве молам да бидеме поконцетрирани и пофокусирани на темата.

Господинот Томиќ бара збор процедурално.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Госпоѓо потпретседател благодарам за интервенцијата. Мојата интервенција беше од процедурален карактер и однесување токму за тоа.

Последниот дискутант не спомна ниту една реченица за она што ни е точка на дневниот ред.

Ве молам во иднина, навистина ние имаме толеранција и разбирање, да во делот на дискусијата, таму каде што ќе се допира се кажеме , меѓутоа ова беше класична злоупотреба на точка на дневен ред и првото на пратнеикот на збор.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Паљошковски се јавувате процедурално?

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

За реплика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на процедурално нема. Ако барате збор процедурално, повелете.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Јас, на мојот почитуван колега ако ме доволно пратeл, мислам дека имаше и дискусии во контекст на законот за данокот на имот. Мислам дека не бил присутен во салата и не го следел говорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, меѓутоа јас мислам дека укажувањата на г. Томиќ се потполно во согласност со тоа што јас го укажав. Навистина ве молам колеги сепак да се почитуваме и да се фокусираме на темата.

Господине Стојановски, повелете имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке. Се надевам дека колегата Томиќ нема да ми замери ако зборувам малку пошироко за законот, бидејќи претседателот на Собранието може филмови да раскажува мислам дека не треба да се даваат вакви процедурални забелешки.

Целта на моето излегување беше да укажам на некои мои согледувања околу законот за комунални такси.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинува г. Стојановски ако може да повторивте, јас не слушнав што беше вашата забелешка за начинот за водење?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не беше за начинот за водење на седницата, беше во однос на процедуралната забелешка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Очигледно дека требаше со озвучувањето да ја подобриме ситуација со техничките служби.

Простете ве молам, продолжете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, овој закон за комунални такси, со слична содржина во однос на видот на комунални такси, во однос на износите постои подолг временски период, меѓутоа секако треба да се искористи оваа шанса затоа што се носи нов закон за омунални такси што е во функција на процесот на децентрализација во Република Македонија . Претставува и квалитативно подобрување на досегашното функционирање или проблемите што постоеле со примената досегашниот закон за комунални такси, а се однесува за начинот на наплата на нови комунални такси. Многу недоречености што постоеја во претходниот закон, а исто така и за видот на комунални такси со кои што беа задолжувани граѓаните по општините врз основа на инерција, како што беше случајот со поставување на фирми каде што имаше Управата за јавни приходи некаква евиденција. По таа евиденција само се печатеа решенија независно дали фирмата отишла кон стечај или има или нема истакнато фирма или пак таа фирма работи а неможе да се најде каде е местото каде би се истакнала таа фирма, туку се праќа само таму каде што беше седиштето, согласно лактот за регистрација на таа фирма.

Значи, ова го зедов како еден пример кој што треба да не поттикне за да разгледуваме и квалитативни аспекти на носењето на овој закон во корелација со досегашниот закон за комунални такси, а секако треба да бидат предмет и одредбите кои што се однесуваат на процесот на децентрализација, односно овластувањата кои што треба да ги имаат во оваа сфера општините после 1.01.2005 година, односно после локалните избори и конституирањето на општинските власти. Значи, на почетокот пред да почнам со образложување на поедини членови од овој закон, јас сакам со цел граѓаните на Република Македонија да знаат за што се работи, да прочитам дел од тарифата за комунални такси, со цел да се има целосно

сознание за што се работи. Имено, она што претходно го спомнав односно комуналната такса за фирма, односно назив на деловните простории и на физичките лица кои вршат дејност, значи ова се самостојни вршители на дејност, тоа се пред се занаетчии, имаат право општините да им одредуваат комунална такса во износ од 1300 до 2700 денари. Потоа, деловните простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ, исто така се работи за лица кои што самостојно вршат дејност, се плаќа во износ од 350 до 700 денари, на деловните простории на претпријатијата и другите правни лица од областа на производдството, прометот и услугите освен за продавници, киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува 2000 да се плаќа од 4000 до 8000 денари. Потоа, на деловните простории на претпријатијата и другите правни лица од комуналните дејности од 2000 до 4000 денари. Ова малку е збунувачко во однос на одредбите од Законот каде што стои дека државните органи и органите на локалната самооуправа и другите органи кои што претставуваат дел од државната и локалната власт да се ослободени од плаќање на комунални такси. Во овој случај е наведено дека правни лица од комуналните дејности пред се претпоставувам дека се работи за оние кои што не претставуваат комунални фирми, а кои што се основани од страна на општината, или државата, туку за фирми кои што вршат комунални дејности, а како основачи на тие фирми се појавуваат други субјекти, а не државните и општинските органи. Потоа комунална такса на деловни простории на претпријатијата и другите правни лица како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено. Значи сите оние во Прилеп сега што откупуваат тутун како пунктови кои што ја вршат таа дејност откуп можат, односно ќе треба во наредната година, значи во 2005 согласно овој закон да плаќаат комунална такса од 2000 до 4000 денари. Значи, ова навистина е недоречено ако ништо друго, затоа што откупен пункт може да се однесува на различни ситуации, може да се однесува на различни производи кои што се откупуваат и на тој начин сметам дека ова претставува само една одредба која што стои во овој закон, во оваа тарифа, меѓутоа нема да може целосно да биде операционализирана во пракса. Потоа, за такса за привремен престој, значи оние кои што ќе дојдат на гости, или по различни други основи кои што ќе пријават привремен престој во одредена општина значи за државјани на Република Македонија од една во друга општина и за странски државјани оваа такса за привремен престој треба да изнесува од 30 до 60 денари. Потоа за младинци и студенти, државјани на Република Македонија кои користат услуги и за ноќевање во сместувачки објекти на младината, јас незнам кои се овие сместувачки објекти на

младината? Такви објекти можат да постојат, меѓутоа ако се работи за студетнтски организации треба да се наведе, ако се работи за одредени сојузи, невладини организации и тн., треба да биде определено. Меѓутоа, онака како што е напишано ова е само препишано од стариот закон и не е доволно прецизно утврдено и навистина не се знае што се подразбира кои се тие објекти на младината. Потоа за спортисти на Република Македонија поединци и екипи кога се подготвуваат за натпревари од 15 до 30 денари, ова се работи исто така за привремен престој 10,15, 2 дена, можеби до месец дена каде што мора да се плаќаат овие такси, а целта на тие подготовки сигурно е тие лица да овозможат подобра кондиција, подобри спортски перформанси за нивните натпревари, меѓутоа главната поента која што треба да се постигне со ова треба да биде пред се еден однос кон развојот на спортот во Република Македонија и сметам дека во оној поглед за кој што и претходно зборуваше министерот по однос на ова прашање во репликата на господинот Мавровски, сметам дека она што може да се направи со овој закон, тогаш е да нема долна граница, односно да има можност општината да го ослободи субјектот од плаќање на ваков вид такса за привремен престој доколку тоа претставува посебен интерес за општината, затоа што е можно одредени општини да организираат меѓународни натпревари, и тн. а со ова ќе мора да одат да му наплаќаат и на кој начин тоа ќе го направат, посебно кога се работи за странски екипи, а знаеме дека начинот на плаќање согласно позитивните законски прописи во Република Македонија на кој начин се врши. Малку е проблематично која ќе биде формата за наплата на овие средства независно од нивната висина од страна на вакви екипи, поединци и тн.

Потоа во тарифниот број 3 е утврдено дека комунална такса треба да се плаќа и за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба дневно. Оваа е единствена одредба во оваа тарифа каде што е утврдено дека ова е дневно, затоа што кога зборувавме за такса за привремен престој никаде не пишуваше на кој временски период се однесува овој износ од 15 до 30 денари стои, дали тоа се однесува на 7 дена, 10 дена, 1 ден, 1 час, месец дена, тоа е нешто што не е утврдено со овој закон. Истото тоа се однесува и на сите овие други такси кои што имаат временска компонента содржана во себе.

Понатаму во тарифниот број 4 стои дека комуналната такса се плаќа за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од метар кавдратен дневно, значи од 5 до 15 денари се плаќа од метар квадратен за користење на просторот пред деловни простории. Јас сметам дека и ова прашање

треба да се остави на целосна надлежност на општините, затоа што користењето на просторот пред деловните простории неможе да се врши од страна на секој субјект, односно пред секоја деловна просторија, затоа што за тоа ќе биде неопходно општината да донесе посебен акт кој што ќе ги определи локациите и објектите, деловните објекти каде што постои простор кој што може да се користи како деловен простор пред тие простории, а од друга страна тоа да не пречи на нормалното одвивање на сообраќаајот, движењето на пешаци и тн. кои што ќе значат едни критериуми кои што ќе треба да ги почитува општината и на тој начин да се регулира во целост и да се уреди оваа сфера на надлежност на општината.

Понатаму, во тарифниот број 5 е утврдено дека за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа до седум дена од 400 до 800, до 30 дена од 700 до 1300, мислам дека овде треба да стои, денари, тоа не е наведено и до една година од 800 до 1600 денари. Значи,истото ова важи за она што претходно го спомнав, затоа што истакнувањето на реклами, објави и огласи и согласно сегашните акти на општините, односно одлуките за комунален ред кои што ги имаат донесено одредени општини е точно утврдено во која процедура и на кој начин може да се определат местата каде што можат да бидат истакнати овие реклами, објави и огласи и во однос на самата локација и во однос на големината на тие реклами, објави и огласи, на тој начин мора да се утврдува и износот кој што треба да го плаќа субјектот кој што е корисник на овие реклами. Зата што на овој начин како што е сега поставено со оваа тарифа, произлегува дека независно од локацијата и незвисно од големината и просторот кој што се обезбедува се плаќа иста цена. Значи тоа не е во ред.

Понатаму во тарифниот број 6 е утврдено за музика во јавни локали годишно од 3300 до 6700 денари. Навистина овој тарифен број е многу општ. Дали е иста музиката некој ако пушти некакво радио во објектот, или да има жива музика, дали е иста во ноќните часови, или преку ден да ја користи таа музика, дали се работи за автомати за пуштање на музика или некои други работи кои што претставуваат обврска за плаќање на ваква такса затоа што имајќи во предвид дека музиката во јавните локали претставува нешто што е најнормално, затоа што јавен локал без музика многу ретко може да се сретне, ако ништо друго едно радио е пуштено во некое локалче. Факт е дека износот од
3300 до 6700 денари за некои субјекти кои што навистина немаат голем обрт на средства во рамките на нивното работење нема да можат, ќе претставува голем товар само по овој основ да се плаќа таква такса. Знач, пак би ви препорачал и во

однос на она што го рековме претходно и ова да се остави општините согласно своите можности, затоа што имате општина, да речеме еве, согласно и критериумите кои што ги почитува или не ги почитува Владата има предлог за основање на општина Пласница, да речеме. Пласница има под 5000 жители, меѓутоа тоа не е проблем за да се кажува во јавноста дека се почитува принципот дека под 5000 жители нема општини. Меѓутоа, таму нека си реши општина Пласница каде и колку ќе треба музика да се свири и колку ќе треба да се плаќа за тоа, бидејќи во еден локал има повеќе простории, дали во секоја просторија музиката треба да биде подложна на посебна комунална такса и тн. Значи, сите овие прецизирања на работите треба да бидат направени затоа што на овој начин се остава голем простор за толкување на оваа тарифа кога се работи за износи со кои што се задолжуваат граѓаните и кои што треба да ги плаќаат граѓаните на Република Македонија односно жителите на идните општини, тоа навистина треба да биде многу прецизно и јасно утврдено.

Во тарифниот број 7 стои : витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа за физички лица кои вршат дејност од 700 до 1300, за правните лица од областа на производството, прометот и услугите од 1300 до 2700 денари. Ако ова се земе во контекс на одредбата, или тарифата каде што беше определена комунална такса за користење на простор пред деловен објект, јас незнам зошто оваа одредба е посебна одредба а не е во склад на тие одредби, затоа што таму беше определена сумата која што треба на име на комунална такса да се плати за 1 м2, а овде се јавува еден посебен основ, ако тоа е витрина што стои е една цена, ако стои маса, или нешто друго, е друга цена. Навистина користењето на просторот претставува користење на ист простор кој што е за различни намени и тоа треба да биде по м2, а начинот на користење се утврдува како што кажав и претходно со одлуки на општината кои што ќе кажат: тука може да стои витрина, тука може да стојат маси, или незнам, таму треба да има некоја тезга, или незнам што друго. Од овие причини сметам дека и оваа забелешка треба да се земе во предвид при дефинирањето на конечниот предлог на закон.

Во тарифниот број 8 е наведено дека за користењето на плоштадите и друг простор во градовите, населбите и населените места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби и друго, и друго, ова незнам што се подразбира под “друго”, затоа што под тоа може да се подведе се она што е таму, се плаќа такса за заземена површина од м2 дневно од 3 до 7 денари. Овде сум свесен дека градот Скопје ќе има малку проблеми во собирањето на овие износи,

затоа што како што тече изградбата на плоштадот во Скопје навистина ќе нема голем простор за наплата на овие суми еден подолг временски период, меѓутоа кога се работи за другите општини навистина треба да се има во предвид точно да се каже за кои работи кога се користат плоштадите, затоа што може да биде некој детски фестивал или некои други работи кои што претставуват од значење за општината и не е во ред да се плаќаат за такви активности, а претежно се плаќаат за такви активности, не за деловни активности, или пак кога се работи за избори, или предизборна кампања, тогаш имате користење по м2, тука изгледа СДСМ има предвидено дека ќе му треба помалку простор, бидејќи помал број на луѓе ќе се собираат, па затоа по м2 е определено износот кој што е определен.

Во тарифниот број 9 е наведено дека за користење на просторот за паркирање на моторни возила, односно паркирање и гаражирање на патнички возила на јавни паркиралишта дневно се плаќаат од 15 до 30 денари по час од 10 до 20 денари. Значи, за еден час општината ќе определи 20 денари, а за еден ден исто 20 денари. Значи, ако зборуваме, да не ги образложувам толку децидно, толку аналитички секој тарифен број, мислам дека главната поента на ова што сакам да го кажам е дека општината сигурно знае подобро на кој начин и како да го утврди износот на овие комунални такси и на тој начин да може да се определи и со одредено степенасто плаќање на овие износи, затоа што ако може по час, може и за 5 часа, за 10 часа паркирање да се плаќа одрдена сума, друго е за 24 часа. Со овие точно утврдени тарифни броеви како што стои во однос на износите кои што се однесуваат за час, за ден, или за точно утврден простор е м2, сметам дека се оневозможуваат општините во целина да одлучуваат баш за оние потреби кои што претставуваат чисто комунални потреби на општината и кои што директно се однесуваат на секојдневното живеење на граѓаните во тие општини.

Овде посебно сакам да се задржам на уште една ставка, затоа што овде укажувам веќе може да се рече и на една неуставност и незаконитост на овие предлози, затоа што и досега тоа функционираше и се оди по инерција. Меѓутоа, се работи за следното. Јавните давачки се знае кој може да ги прибира, ги прибира државен орган, или општински орган согласно децентрализацијата на власта. Ние овде имаме неколку, посебно ќе се задржам на еден од овие тарифни броеви каде што некој друг добива овластување да наплаќа комунални такси. Така во тарифниот број 11 стои: за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 15 киловат часови по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија. Наплатата на

таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броило ја врши Јавното претпријатие за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината на чие подрачје е извршена наплатата. Значи овде имате многу, да не речам потежок збор, недоследни решенија. Ќе почнам со ред.

Прво, цената се плаќа е варијабилна, значи 15 киловат часови ако сега е одредена цена, еве имаме најави дека по два-три месеци ќе биде повисока цената на електричната енергија, тогаш ќе биде и друга цена. Значи, во зависност од покачувањето на цената на електричната енергија, така ќе се покачува и износот на комуналната такса која што треба да се плати. Тоа е една работа.

Втора работа, не е утврдено дали овие 15 киловат часови електрична енергија се плаќаат месечно, двомесечно, годишно и тн.

Трета работа која што може тука да биде истакната, тоа е во однос на тоа кој ја врши наплатата. Прво, тука е погрешно наведен и називот, затоа што јавно претпријатија за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија во Република Македонија не постои. Постои акционерско друштво Електростопанство на Македонија. Значи, носиме закон каде што се наведува назив на непостоечки правен субјект, зборувам формално правно.

Од друга страна вели дека ја уплатува електродистрибуција која што е овластена да ги наплаќа овие средства согласно ова решение кое што се предлага, го уплатува износот кој што го прибрала на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината на чие подрачје е извршена наплатата. Значи, ако некој има куќа во Скопје, извршил наплата на таа сметка во Штип, општината Штип ќе треба да ги уплати тие средства на име на комунална такса за Штип, иако се однесува за уличното осветлување во Скопје.

Навистина ова претставува една недоследност. Ако внимателно се прочита ќе се види дека е така како што зборувам, барем јас го читам така како што пишува, а што е целта, не треба да се остави простор за толкување, затоа што тоа ќе се реши на единствен начин на ниво на Република Македонија. Меѓутоа, така како што стои, навистина не е како што треба. Од друга страна не е можно јавното претпријатие кое е наведено тука, или акционерското друштво во државна сопственост, кое сега е во државна сопственост, кога ќе се приватизира некогаш, дали по една, две или пет години, незнам, тоа ќе го каже времето, ќе биде овластено да ја прибира комуналната такса од граѓаните. Комунална такса може да прибираат само органите на општината, односно општинската администрација. На тој начин тоа

ќе го направат, тоа е веќе друго прашање кое треба да го решава секоја општина поединечно, врз основа на договори, на други овластувања кои треба да му ги дава ан субјезкти кои треба да ја вршат таа работа, не со закон да определува кој, на ниво на цела република ќе ја врши оваа наплата на комуналната такса, затоа што тоа предизвикува и други проблеми кои во досегашниот период се појавуваа, а тоа се однесуваше на недовербата во износите на собрани средства и по основ на даноци, па тука градоначалниците го критикуваа Министерството за финансии дека собирало повеќе средства, малку им префрлало по однос на даноци на имот. Исто така може да се случи и по однос на ова прашање, затоа што единствена контрола колку е собрано, има оној кој ги собира парите, а тоа Електростопанство на Македонија, и дополнително на Електростопанство на Македонија му се создаваат нови проблеми затоа што треба да ги уплаќа тие средсдтва на општината, а општината му должи многу поголеми износи по основ на потрошена енергија за улично осветлување. На тој начин се создаваат едни состојби во кои постојано имаме конфронатација, во кои треба да се вмеша и Министерството за финансии, потоа туак ќе се вмешаат сега општините, па ќе се вршат некакви притисоци од една или друга страна, да се уплатат или да не се уплатат тие средства, па имаме можност кога раководствата на јавното претпријатие или на акционерското друштво во државна сопственост е припадник на една политичка партија, градоначалниците ќе бидат од друга политичка партија и на тој начин се создаваат проблеми во однос на самото функционирање на општината, односно наплатата на оваа кмомунална такса и наменското користење на тие средства.

Тука имаше и забелешки, како алтернатива е дадено во однос на членот 17 од овој закон каде стои дека начинот на користење на средствата од комуналната такса што се плаќа за одржување и користење на јавното осветлување, се уредува со акт на општината. Јас тука не гледам зошто да се уредува со посебен акт на општината нешто што е уредено со закон. Ако таа комуналан такса граѓаните ја плаќаат наменски за јавно осветлување, тогаш таа треба да се користи за оваа намена. Друго е прашање дали тие средства ќе бидат доволни за плаќање на електричната енергија. Ако има вишоци, тоа треба да биде наменето за доизградба на електричната мрежа, нови светилки, одржување, реконструкции и тн. Тоа се прашања за кои ќе одлучува општината. Меѓутоа, втората алтернатива да се брише од членот 17 мислам дека е подобра варијанта и дека користењето на средствата од јавно осветлување, собрани на име на комунална такса за улично осветление, да се уплаќаат наменски и да се користат наменски за изградба, одржување и развој на

уличното осветлување и за плаќање на потрешената електрична енергија. Друг проблем е во однос на проблемите кои ги имаат општините, кој се е приклучен на уличното осветлување, колку можат општините, во согласност со нивните капацитети и нивните органи, да водат контрола во однос на потрошената електрична енергија и во однос на зголемување на износите кои треба да се плаќаат, затоа што, еве бевме сведоци во претходниот период, имаше општини кои навистина не можеа да плаќаат, претежно тоа беа градски општини кои трошат повеќе електричната енергија. Од друга страна истите тие општини имаат притисок од граѓаните за да се направи квалитетно улично осветлување, да се наменуваат сијалиците на сијаличните места и на тој начин средствата ги користеа за одржување, со цел да им се озвозможи на граѓаните да не одат во темница. Од друга страна Електростопанство на Македонија не можеше да ги наплати парите за потрошена електрична енергија. Од тие причини ова прашање треба да се третира малку повнимателно.

Тоа се работите кои сакав да ги кажам.

Имам уште една работа која се однесува на формално - правната страна на овој закон во кои постои член каде е наведено дека за утврдување на комунална такса општината носи решение. Ако носи решение општината, како тогаш ќе се наплаќа комуналната такса, без решенија, или решенијата се однесуваат амо на одредени видови комунални такси.

Исто така членот 11 вели - градоначалникот, според податоците на состојбата на 1 јануари, секоја година, за секој обврзник одделно, со решение го утврдува износот на таксата што треба да ја плати. Точка 2 од овој член вели - ако обврзниците на комуналната такса од став 1 на овој член се должни таксата да ја платат во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението. Како што имаме ефикасност во доставата, многу тешко ќе биде наплатата на овие такси, особено имајќи ги предвид и можностите за жалби, затоа што општината со сите овие надлежности кои се дефинирани согласно со законот за локална самоуправа, новиот закон, кој е донесен со двотретинско мнозинство, навистина е многу поголема од онаа надлежност што ја имаме согласно Законот за локална самоуправа од 1995 година. На овој начин ќе се создаде голем простор во однос на нормалното функционирање на општината, во однос на создавање проблеми за нормално функционирање на општината, затоа што никој во ниту еден дел не води сметка за тоа како ќе функционира општината. Ние ги префрламе сите надлежности, кажуваме какви права ќе има општината, кои обврски треба да ги исполнува кон граѓаните кои

работат и живеат во оваа општина. Меѓутоа, начинот на кој тоа треба да се оствари, целосно е оставен на општината, без да има преоден период во однос на децидно дефинирање кој органи, пред се, ќе ги има таа општинска администрација за која постојано се зборува. Општинската администрација врши контрола на наплатата, ги одредува износите, ги прави решенијата, ги доставува, треба да води сметка за проекциите во однос на средстата кои ќе бидат уплатени како приход на општината, а од друга страна ништо не се зборува што треба да претставува таа општинска администрација и навистина ќе се доведеме до ситуација една општина Пласница, како што претходно кажав, да не ги менувам примерите, ќе треба да прави општинска администрација која ќе биде иста како и општинската администрација, незнам на Битола. Ако е тоа така, а е тоа целта, мора да се има соодвтност на големината на општината, на перфомансите. Не може да има иста администрација еден град од 50.000 или 100.000 жители и една општина од 5.000 или 6.000 жители. Затоа и претходно кажав дека овие закони се носени колку да се запази рокот за нивно предлагање и донесување. Еве и како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ јас се согласувам дека децентрализацијата брзо требаше да се направи. Меѓутоа, свесен сум и за една друга работа. Тоа е дека Владата изгуби многу време во многу други банални работи, наместо да се занимава со суштинскиот проблем кој претставува основна обврска со Рамковниот договор, а тоа е донесувањето на овие закони кои претставуваат вистинска децентрализација во Република Македонија и создавање на услови за нејзина иднина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Прво, би сакал да му се заблагодарам на колегата Блаже Стојаноски и ќе му потврдам, тој, за разлика од неговиот претходник ја потрезфи точката на дневниот ред.

Второ, што се однесува за поголемиот дел на забелешките мислам дека има некои добри, а има некои кои не се во согласност , но би се задржал на две.

Коментирајќи го членот 11, јас не гледам друг начин, ако треба началникот, според податоците од состојбата на 1 јануари, за секоја година, за секој обврзник одделно со решение го утврди износот на такса што треба да ја плати, на кој друг начин, за секој корисник одделно, би му се наплаќала таксата. Значи, имаме

тука права, имаме одговорности. Друго е прашањето. Мислам дека колегата добро зборуваше на кој начин тоа ќе се изведе во поглед на општинската администрација, дали е таа спремна да го оствари или не. Меѓутоа, доколку секој обврзник не добие соодветно решение, на кој начин би се наплатила таа комунална такса.

Имам уше еден коментар. Тоа е за коментарот на колегата затарифиниот број 8, за користењето на плоштадитре. Да не заборави колегата Блаже Стојаноски дека предлагач на овој закон е Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија е составен од партиите кои се на власт и токму затоа СДСМ имаше сенс за намалена цена на користење на плоштадите, токму поради фактот што ВМРО-ДПМНЕ а не СДСМ ќе има помал број на собирање на нивни митинзи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на реплikата има господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Како што тргнала да работи Владата, јас сум сигурен дека ќе има повеќе. Меѓутоа, ќе го видиме тоа наесен.

Но, да кажам по однос на прашањето што е на дневен ред, затоа што треба тука да се држиме.

Го почитувам апелот, меѓутоа не го трефнав, туку намерно зборував зашто знаев дека е тоа точка на дневен ред.

Во однос на решенијата за кои зборував, факт е дека решенија мора да има за секоја комунална такса, затоа што согласно Уставот на секој поединечен акт се има право на жалба. Ако има право на жалба на секој поединечен акт, тогаш право на жалба мора да има и оној на кој му е одредена комунална такса за улично осветлување, затоа што можеби на него му е одредена такса по неки застарени податоци. Се прават грешки. На кој начин тој ќе се жали. Од тие причини, како ќе се избере сето тоа, дали работата на градоначалникот и на општинската администрација ќе биде само да штамба решенија и да ги доставува до корисниците. Мора за тоа да се изнајде начин кој ќе биде соодветен и да нема простор за дилеми околу уставноста на овие одредби. Тоа беше целта на моето кажување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има министерот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прво, благодарам на господинот Стојаноски за оној дел на некои непрецизности кои веројатно може да се исправат во текот на постапката и затоа одиме во две фази. Затоа две три крупни работи мислам дека мора да ги расчистиме.

Прво, барањето дека одделни комунални такси не треба ние да ги пропишуваме, треба да ги оставиме на општините самите тоа да го напрват, и даде пример, на пример со музика во халите и во ресторантите каде што тоа се одвива.

Веднаш да кажам согласно Уставот, јавни давачки во кои спаѓаат и комуналните такси како еден вид на јавна давачка, пропишува само Собранието на Република Македонија. Значи, ние не можеме да ја оставиме таа надлежност на друг, а можеме да ја пропишезме во граници во кои тие ќе изберат која висина ќе ја одредат. Меѓутоа, која јавна давачка, кој субјект и во која висина е јавната давачка, пропишува само Собранието. Значи ние не можеме да оставиме од логични причини општините да воведуваат јавни давачки, без тоа да биде уредено со закон од страна на Собранието на Република Македонија.

Второ, зборувам за системските решенија за кои зборуваше. За поединечните мислам проблемот е мал. Околу нив се разговара и лесно се наоѓаат аргументите, затоа што се поединечни.

Во врска со членот 11, нема да повторувам, господинот Томиќ го кажа истото.

Не е можно јавна давачка да се наплати врз основа на ниту еден друг акт, освен со решение од страна на тој кој ја наплаќа, друг механизам не постои. Меѓудругото и токму затоа имаме критериуми дека треба да постои некоја администрација и некој општина што ќе ја финансира таа администрација. Градоначалникот нема да ги издава решенијата, нема како што рековте вие да ги печати, меѓутоа администрацијата на градоначалникот, ќе мора тоа да го прави. Не постои даночна администрација што може без решение за висината, за субјектот, за намената, некому да му пропише да уплати јавна давачка. Токму затоа се враќаме повторно на дискусиите. Процесот на децентрализација не може да биде строго детерминиран и тие функции кои ги преземаат да ги извршуваат така како што доликува. Никој од нас како граѓанин не може да прими усмена наредба, или да му с

екаже, врз основа на тој занок пресмтајси данок, или давачка и уплатија. Мора да му ја пресмета тој што е и да му каже кога да уплати. Нема друго решение. Членот 11 мора да остане така. Тоа ќе биде напор за општините кои мора да го направат. Меѓутоа, ќе имаат приход, ќе имаат повеќе приход отколку расходи по тој основ.

За тарифите ќе го проучиме тоа што господинот Стојаноски го кажа, од стенографските белешки и ќе видиме каде е можно да се направат исправки. Очигледно некои и на право слушање се прифатливи.

Меѓутоа, за тарифниот број 11, тоа се наплаќа на територијата каде што е броилото, меѓутоа ако треба и ќе се прецизира. Не е никаков проблем.

Меѓутоа, јас сум лично, иако ние дојдовме со предлог за алтернатива, затоа што е прва фаза, господинот Стојаноски не ја коментираше. Јас лично сум приврзаник на алтернативата на тарифниот број 11, на тарифата во забелешката. Наместо јавното претпријатие, општинските власти со решение да го пропишат и поефикасно ќе го наплаќаат. Ќе се избегне тоа што се зборуваше што не е во надлежност ниту на општината, ниту на Владата на Република Македонија.

Второ, сите вие знаете дека престои процес на преструктуирање на ЕСМ, делови ќе се одвојат, делови ќе се дадат на продажба, делови ќе останат во државна сопственост, што ситуацијата може и дополнително да ја компликува, затоа што после тоа ќе треба ново име на претпријатие да напишеме. Затоа, мислам, тој проблем и други проблеми од таков карактер, треба, ако се согласува господинот Стојаноски да се земат како што  напишано во алтернативата. Тоа за граѓаните ја поедноставува постапката. Ќе биде поефикасно и поиздачшно за општината, поодговорно за општината, да си ги наплаќа и автоматски доаѓаме и до последниот факт, меѓутоа за општината и поголем напор да го направи тоа. Јас сум приврзаник што повеќе од тие овластувања да си ги земе општината и да може да ги извршува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Му благодарам на министерот што внимателно ме следел во моето излагање.

Сакам во однос на првото прашање, односно од кој до кој износ, односно дека државата Република Македонија пропишува јавни давачки, а

општината ќе мора да се најде себеси, односно да носи одлуки во рамките на тој дијапазон. Јас сакав да кажам горен лимит, а тоа го кажав и во моето излагање, потребно е да има горен лимит до каде може да оди висината на давачките, а нулата некаде биде тој почетен лимит, односно точка од каде треба да се тргне. Значи, од 0 - 50,ооо денари, или незнам до 5,оо денари за некои работи. Да се има поголем простор општините да можат на соодветен начин да ги решаваат прашањата кои се однесуваат на комуналните такси, односно на давачките кои треба да ги плаќаат граѓаните на таа општина.

Во однос на наплатата на комуналната такса за улично осветлување или за јавно осветлување, сметам дека малку покомплексно треба да се разгледа тоа прашање, затоа што постојано низ годините се појавува проблем кој се однесува на меѓусебните побараувања и обврски помеѓу општината, ЕСМ и на тој начин еднаш да се реши прецизно и дефинитивно тоа прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одима понатаму со дискусии.

За збор се јави господинот Илија Китаноски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Почитувана госпоѓо потпреседателке, почитувани колеги, почитуван господин министре,

На почетокот од моето излагање сакам да констатирам една состојба која претходно беше тема на дискусија и на неколку реплики околу поврзаноста на законите за финансирање на единиците на локалната самоуправа, законот за даноци на имоти, законите за административни такси, за комунални такси, односно нивното влијание врз функционирањето и врз опстсанокот на некои единици на локална самоуправа, беше кажано посебно на помалите единици на локална самоуправа, во новиот концепт на законот за нова територијална поделба на Република Македонија.

Ако предлагачот тргнал од овој аспект, во законот за територијална поделба, мислам не го издржал тој принцип што самиот го посавил, односно со предлогот на тој закон, ако се води од овој принцип, исклучиво од него, или да биде еден од главните, што е нормално, економскиот и финансискиоит опстанок на општините, односно нивната финансиска самодоволност, тогаш навистина незнам од каде неколку решенија во законот за територијална поделба, во кои на

поголемите урбани центри се припојуваат рурални општини со огромен финансиски и економски капацитет, со огромен број на население, со центри на тие општини, како веќе дефинирани општински центри и со дефинирани приходи во изминатиот период, кои обезбедуваат, како што и претходно кажав, финансирање на многу поголеми општини, односно многу поголеми урбани центри од другите делови на Република Македонија. Мислам дека во тој дел Владата на Република Македонија и сите овие дискусии, ако се водиме од нив, Владата на Република Македонија не е принципиелна до крај и контра предлогот на опозицијата односно залагањето на опозицијата за опстанок на досегашните 123 општини, ако има аргументи за оспорување на тој предлог на опозицијата, тогаш за овој предлог, за новата територијална поделба, со 70-тина општини, покрај неколку помали кои од аспектот на финансиска самодоволност се склони, останатите, посебно во Западниот дел на Република Македонија, се чисто политички мотивирани и со етничка позадина.

Тоа конкретно важи за општините Кичево и Струга, бидејки доаѓам од Кичево, слободно и најодговорно тврдам дека единствената причина, која што не е ниту економска, ниту финансиска ниту географска, ниту етничка, ниту од било која причина за припојување на овие општини е политичка и тоа дневно-политичка со етничка позадина.

Но да се вратиме на она што е предлог на дневниот ред, овој пакет на закони за финансиска децентрализација кој што така би го нарекол, Законот за финансирање на локалната самоуправа, Законот за даноци на имот и Законот за комунални такси,по него следува и законот за административни такси. Тоа би требало да биде практично една визија за новиот начин за фискална децентрализација на РМ, за она кон што сите се стремиме. Навистина во тој дел апсолутно нема разлики, меѓутоа, како што претходно кажав мисла дека во тој пакет нормално како круна и според тоа како граѓаните и јавноста го чувствуваат, Законот за територијална поделба, апсолутно отстапува од сите принципи што се овде напишани, од истата таа Влада, од истиот предлагач.

Законите за фискална централизација, како што се законите за данокот на имот, данок за наследство и подарок и данок на промет за недвижности, кои што практично ја чинат лепезата на даноци на имот и претходново изминатиот период под тоа функционираа заедно со комуналните такси, беа едни од реалните извори на општините, односно локалните смоуправи и едни од приходите од кои што општините, или некои од нив можеа цврсто да се потпрат, меѓутоа, не во контекст на

нивна редовност, затоа што по дефиниција, сепак се тоа приходи кои што освен административните и комуналните такси останатите се даноци и приходи кои што се собираат атхок, односно после одреден настан и данокот на имот, кој што е континуиран и другите два се данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности се даноци кои што се пракично атхок и кои што се собираат ако има такви правни настани од физички или правни лица.

За да можеме да дадеме една комплетна или конкретна анализа, а со тоа и свој придонес во конечно обликување на овие закони, односно овие пакет на закони треба, мислам и предлагачот од тие причини тргнал, треба да се видат оние проблеми клучни наоди и актуелни состојби, кои што во изминатиот период се констатирани со функционирањето на локалната самоуправа, односно најповеќе во делот за нејзинот финансиско алиментирање, односно за финансирање на локалните потреби, така да за да секоја општина, секоја единица на локална самоуправа навистина пледира овие даноци ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Китаноски јас се извинувам, меѓутоа, ве чекав , вие дававте вовед , меѓутоа, никако да преминете на законот за комунални такси. Јас би ве молеле сепак, тука да се насочите. Да не зборуваме за она што е широка рамка.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Добро госпоѓо потпретседателке јас мислам дека воведот беше и е во контекс на дискусијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Воведот беше и се согласувам,меѓутоа мислам дека веќе би требало да се фокусирате, затоа што досега не слушнавме ништо за законот.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Сепак е мое да одлучам колкав ќе биде воведот, а колку главната расправа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се согласувам, секој има свој на искажување и затоа само ве замолувам во интерес и на сите колеги.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Благодарам.

Значи, за да во концепирање на овие закони, па и законот за комунални такси , треба да се имаат предвид состојбите во изминатиот период кој што ќе имаат и имаат влијание врз концепирањето на овие законски проекти.

Прво, секоја општина треба во старт да знае, да има евиденција со каков недвижен имот располагаат нејзините граѓани кои се даночни обврзници. Ова за жал не се спроведува во практика, што може да се согледа од непроменетиот број на решенија за облог од година на година. Бројот на овие решенија варира, односно не варира или симболично варира од 1994 година кога за прва пат се воведени ваков вид на решенија. Ова укажува на фактот дека ажурирањето на евиденцијата, опфатот на имотот е на ниско ниво, а евентуалните случаи се изнудени од самите обврзници односно како што претходно кажав при средување на нивните имотно-правни односи или при купопродажба на имот или при евентуална постапка на наследство.

Слободно можеме да констатираме дека ваквата состојба е рефлексија на тоа што даночните обврзници во досегашниот период сами ги пополнвуаат пријавите за данок на имот, на пример без да биде проверена, дали пријавената вредност одговара на пазарната што од своја страна придонесвуа тие да бидат доста нереални и мислам дека во сегашнито Предлог на закон,во законот за данок на имот решението е добро каде што навистина една комисија ќе врши проценка, односно со утврдена методологија ќе се врши проценка на нивната вредност.

Исто така и за даноците на имот, и за комуналните такси, па и за административните можеби помалку би важело, една чиста административна работа многу суштински влијае врз обемот на собирање на овие давачки. Решенијата, она за што зборуваше колегата Стојаноски, па јас ќе го дополнам во тој дел, дека решенијата практично кои што се изготвуваат без разлика дали ги изготввуа локалната самоуправа или државата, посебно оние што и досега локалната самоуправа ги изготвуваше за облозите за данок на имот ги доставуваат со поголемо задоцнување, или се случува некој воопшто да не добие решение од граѓаните, бидејки повеќето од нив немаат повратница дека се примени. Овој висок процент исто така произлегува од воставената практика, ова се однесува само на данокот на имот, па и за комуналните такси можеби, затоа што кај граѓаните има една практика која што и администрацијата на единиците на локалната самоуправа ја прифатиле како пракса, данокот да се плаќа последниот месец, па дури и

последниот ден од годината, иако тоа во законот е прецизирано да биде тримесечно. На ваквата практика во последниот ден исти така комуваат правните органи , односно подрачните единици на Управата за јавни приходи, а и политичките структури, односно имаме ситуации кога во изборни години овие решенија, не се зауставуваат, или доцнат и т.н. На вакво однесување на локлната и централната власт реагираат и даночните обврзници, што е нормално и си дозволуваат една комоција и ги плаќаат со задоцнување. Она што со овој закон и со претходните се надминува, мислам дека се надминува со дел од тие одредби меѓутоа со овие забелешки, кои претходно беа кажани, локалните самоуправи кои се корисници на овие даноци, на овие такси не можеа директно или индиректно да учествуваат во администрирањето на истиот, иако буквално се зависи од неговата наплата. Така да сметам на овој начин тие ќе бидат многу по мотивирани и успешно да ја завршат оваа операција, нормално, ако се екипирани, и тука нормално се поставува прашањето на евентуално зголемување на администрацијата, или можеби еден начин на превземање на дел на вработените заедно со превземање на обврските од Министерството за финансии, или од другите министерства чии што надлежности се трансферираат на локално ниво.

Околу процентот на наплата , навистина малку повеќе се задржав, затоа што тоа е практична работа, што не е содржано во законот, меѓутоа, мислам дека сите законски одредби треба да содржат ефикасни начини за зголемување на таа наплата и покрај казнените одредби, мислам во иднина повеќе да се обрне внимание на запознавање на граѓаните, на еден вид на едукација за тоа како и на кој начин се трошат тие пари кои се собираат од нив, односно за нивната намена и за возврат, веројатно некој процент се очекува и зголемување на наплатата на данокот на имот.

Кај законот за комналните такси е горе долу сите одредби се во рамките на тоа што е очеквуано и мислам дека се добри, а мислам дека може да се направи напор, да се премостат некои сиви зони кои што постојат во општините и локалните самоуправи, кои се недефинирани и практично надвор од било каков закон, односно не се регулирани со посебен закон и носат доста добри приходи за здруженија, поединци но не и за локалните, па и централните власти.

Мислам дека може да се размислува за тоа дека општините можат тие области да ги прогласат за свој интерес и од нив по можност да влечат приходи, тука би ги спомнале вентуално во одредени општини , сега незнам тоа во законот како би можело да се вклопи , акции зависно од спецификата на општините, на уловена

риба, на уловен дивеч, на пасишта, на шуми. Овие можат да бидат постојани извори на средства, иако можеби не големи и нивната регулација треба да биде на локално ниво, ценејќи ги локалните карактеристики и природните богатства со кои што располагаат тие општини. Прашањата од оваа природа би требало да се решат просекторски треба да влезат со развој на овие приходи , со развој на дејностите. Значи взаемно дејство . Тоа може исто така да биде решено по пат на локално концесионирање, но тоа да биде во претходниот датум кој веќе го поминавме и за кој што имаше доста предлози, меѓутоа, би ги спомнал, иако можат да бидат на еден или друг начин со комуналните такси, решени. Лиценцата за сеча на индустриско дрво би можела да биде дадена на оној кој најмногу ќе плати, а не на индустриските загубари, или сечата на огревно дрво да се даде на оној субјект кој би изградил на пример брикетарница за брикети и т.н.  Се разбира дека за вакви решенија Министерството за финансии логистички да помогне.

На крајот, би сакал да дадам неколку конкретни забелешки, иако генерално законот за комунални такси е во оваа фаза која што сега го разгледуваме, со сите оние забелешки кои претходно беа кажани од колегите е задоволувачки. Она што би сакал да гокажам, а не успеав во претходната дискусија е фактот дека околу данокот на имот, бидејки и тој е дел од овој фискален пакет за фискална децентрализација дека опсегот кој се предлага , или може да биде зголемен за данокот на имот од 01 до 05% за да може општини кои се навистина чисто градски, или поголеми градски центри да можат да остваруваат приходи, а исто така и граѓаните кои живеат во тие градски центри , живеат во многу по солидни објекти и имаат многу повреден имот, нема да бидат преголем товар , значи тој распон да се зголеми од 01 на 05%. А има една  атернатива да биде 03%, сигурно е  по прифатливо од 01 и 02%.

Она што би сакал да го потенцирам на крајот од излагањето е дека за да се неутрализира евентуалното зголемвуање на вкупното даночно оптоварување на граѓаните , би било добро да следиме некои искуства, ,можеби не од западните земји, меѓутоа, од оние земји кои што веќе се на прагот на Европската Унија, или се веќе дел од неа за ослободување на некои видови даноци во одреден период за даночни обврзниви, коишто на пример имаат ново изградени објекти.

Исто така сметам дека по првата година од имплементацијата на овој закон , Министерството за финансии треба да изготви даночни проекти на среден рок. И доколку оцени дека наплатата на локалните даноци е значително зголемена  да предложи намалување на даноците кои се наплаќаат на централно ниво, а кореспонидраат со зголемвуањето на локалните даноци.

Покрај тоа, сметам дека добро познат факт е дека и честото менување на даночните стафки создава несигурност, посебно при донесување на одлуките од страна на економските субјекти и од тие причини мислам дека овие закони треба да внесат стабилност во локалните даночни системи и би требало на некој начин да биде пропишано тоа. Тоа е сепак еден вид препорака  или можеби би требало да биде составен дле од законските проекти да ги задолжи советите на општините еднаш утврдената висина на стафка од страна на советит ена општините да биде со важност од барем две фискални години. На тој начин граѓаните полесно ќе можат после да одлучуваат каде ќе го лоцираат својот имот, а  Министерството за финансии ќе може со поголема сигурност да го планира генералнито буџет на РМ. Од оние ослободувања или бенифиции што се предвидени посебноводанокто на имот, мислам дека можеби би требало да се размисли за овозможување на давање на некои нови, по примерите  некои земји, кои што го изодиле овој пат
кој што РМ сега го оди. Така на пример воСловенија даноците на наследство и на подарок  се со поголеми стафки, посебно за наследниците од втор и натамошен наследен ред .Можеби за тоа би требало да се размисли.  Или во Хрватскиот закон има една интересна одредба, која што би била исто така нормално прилагодена на нашите услови,не комплетно прекопирана во однос на бројките кои се предлагаат за даночни ослободувања, каде што во член 11 Хрватскиот закон за данок на промет нанедвижности, младите брачни парови кој го купуваат првиот недвижен имот се ослободени од плаќање на данокот на промет на недвижности, со што делумно им се намалуваат високите трошоци  за решавање на станбеното прашање. Мислам дека за поголем дел од овие предлози и забелешки кои што беа искажани не само од моја страна, туку и од останатите колеги, Владата треба да има слух, не само формално , како што стои во заклучокот за донесување на овој закон, туку после усвојвуање на заклучокот дека Владата ќе ги прифати и ќе ги разгледа забелешките на комисиите, дискусиите на пратениците и т.н., но навистина суштински да ги земе во предвид сите овие забелешки да ги имплементира со единствена цел да добиеме еден квалитетен закон, односно квалитетни закони и во Република Македонија. Целта која што сака да се оствари со доенсување на вакви квалитетни закони да биде и суштински остварена, а тоа е покрај другото и фисклана децентрализација на Република Макеоднија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Зоран Заев.

Повелете.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Благодарам, потпретседателке,

Почитувана потпретседателке, господине министер, колеги пратеници,

Би сакал да го дадам моето мислење во врска со предложените пакет закони за децентрализација, а конкретно да дадам мој осврт и поддршка на предлогот за донесување на законот за комунални такси и даноци на имот заедно, заради тоа што и двата закони се темелат на исти начела врз кои се засноваат самите закони.

Овој закон за комунални такси како и законите од пакетот закони за децентрализација кој Собранието ги прифати во нивната прва фаза овие денови овозможуваат еден нов квалитет во општественото живеење на граѓаните кој ќе се постигне со спроведување на децентрализацијата односно ќе овозможи услови во кои општината ќе има самостојност во утврдување на висината на сопствените приходи и ќе овозможи услови во кој ќе се обезбеди поефикасна наплата на даноците и комуналните такси.

Овие начела на кои се темели самиот закон за комунални такси, а се и начела и на претходниот закон за донациите на имот во суштина се тоа што во иднина секоја општина самостојно ќе го утврдува износот на сопствените приходи на општината и организацијата околу наплатата на сопствените приходи кои заедно, трајно значат дали граѓаните ќе се определат за побрз и поквалитетен развој на општината или не.

По основ на начелото на самостојност во утврдување на сопствените приходи на општината мислам дека претставува една квалитетна особина на овие закони затоа што им се дава можност на граѓаните сами да се определат дали помал или поголем дел од сопствениот буџет ќе одделат за буџетот на општината, а тоа ќе го сторат преку давање на своите гласови на избори, општински, локални на кандидатите за градоначалници и советнички групи кои нудат помали стапки на данок и помали комунални такси. Или за оние кандидати кои нудат програми за побрз и подинамичен развој, а тоа логично значи и поголеми даночни стапки и комунални такси.

Токму поради тоа ова право на граѓаните за самостојно одлучување за висината на сопствените општински приходи е и целта на децентрализацијата и

мислам дека во предлозите на донесување на овие закони треба да бидат вклучени и земени алтернативните решенија понудени во овие закони кои опфаќаат поширок дијапазон на даночни стапки или висина на комуналните такси.

Другата квалитетна посебност на овој и другите претходни закони е тоа што за делот на наплатата отсега натаму ќе се грижат општините. Иако некои колеги, пред се од опозицијата искажаа размислување дека општините ќе имаат полоши резултати во делот на наплатата на даноците од имот и комуналните такси, јас сум убеден токму во спротивното, односно дека општинската администрација која ќе биде надлежна за организирање и наплата на комуналните такси и даноците на имот ќе биде поефикасна на овој план во споредба со досега кога државата ја организира нивната наплата. Тоа ќе го поткрепам со следното: за подобри резултати на градоначалникот и советот на единицата на локална самоуправа им се потребни повеќе средства односно подобра нивна наплата. Општинската администрација која ќе биде задолжена за наплата на овој вид приходи на општината ја поставува токму единицата на локална самоуправа. Од тоа колку успешно ќе ја извршува својата задача оваа служба поставена од градоначалникот и советот ќе зависи и успешноста на реализацијата на нивните програми како политичари. Поради тоа начелото на сопспствено организирање и наплата на овој вид на даноци и такси е квалитетна особина на овие закони кој може да резултира единствено во подобри и поквалитетни развојни ефекти на општините.

Поради компетентноста и релевантноста на ЗЕЛС за оваа сфера и поради важноста на нивните ставови по овие закони за комунални такси и даноци на имот, мојата дискусија е конципирана во поврзаноста на овие два закони, во делот на начелата врз кои се засноваат, би сакал да кажам дека ставовите на ЗЕЛС вредат добро аналитички да се разгледаат и коментираат. Оттука можам да дадам поддршка на ставовите на ЗЕЛС по предлог на законот за даноци на имот и комунални такси и тоа конкретно на пример да биде вградена одредба што ќе се однесува на зголемување на данокот на имот за неизградено градежно земјиште идентично со одредбата во членот 6 став 3 кој што се однесува на данокот на имот за земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство и ослободување од данок на имот на земјоделско земјиште во руралните и погранични општини да биде регулирано со Законот за даноците од имот.

Единствено не се согласувам со нивното мислење, мислам на ЗЕЛС дека треба да се укине даночното ослободување за деловните згради и деловните простории на стопанските субјекти освен административните згради и простории

поради тоа што покрај граѓаните стопанските субјекти се тие што го полнат и централниот и општинскиот буџет, па со прифаќање на овој став на ЗЕЛС од страна на Владата дополнително ќе се оптоварат стопанските субјекти кои и така доста тешко опстојуваат.

Сметам дека имаме доста квалитетни предлози за донесување на закони за фискална децентрализација кои во себе содржат креативно развојни содржини и немам сомнение дека ќе бидат во функција на поуспешна и поквалитетна децентрализација и подобар развој на општината во иднина.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Имаме една минута до 14,00 часот. Јас тука би ја прекинала седницата, ќе продолжиме во 15 часот.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 14,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа.

Збор има господинот Илија Србиновски.

Повелете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, гледам од Владата нема претставник, меѓутоа ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Информирана сум дека е тука.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Јас имам некои коментари и некои забелешки по Предлог на законот за комунални такси и законот за даноци на имот, според тоа пред нас е едно законско решение кое е дел од пакетот закони, за наводно успешна, територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Меѓутоа,

фактичката состојба на теренот е нешто сосема друго. Деновиве добивме било преку директни контакти или преку медиумите сигнали за општото незадоволство на граѓаните од засегнатите општини од ваквите законски решенија.

Тоа незадоволство тие граѓани го искажаа и преку најдемократското средство за изјаснување - референдуми на кои кристално јасно го искажаа и сеуште го искажуваат своето изречено “не” за укинување на нивните општини. Па доколку се тие кои најдобро ги познаваат фактичките состојби на теренот толку изречени, зошто се тежнее кон вакви законски решенија кои уште недонесени предизвикуваат негативни реакции кај граѓаните.

Имено, донесувањето на законот за комунални такси ќе предизвика дополнителни трошоци особено за физичките лица со тоа што тие се оптоваруваат со дополнителни такси особено со такса за користење и одржување на улично осветлување и такса за користење на улиците со патнички, товарни, друмски возила и приклучни возила. Треба да се напомене дека уличното осветлување по градовите не е на задоволително ниво, а граѓаните и покрај неадекватната улога од страна на општината ќе мора да ја плаќа оваа такса.

Исто така и кај таксата за користење на улиците која е предвидена со овој закон да се плаќа при регистрација иако не се работи за некои големи износи сепак доколку се додаде на вкупните давачки кои граѓанинот ги плаќа крајната сума е доста висока во однос на тоа што тој го добива за возврат. Од една страна улиците не се одржуваат соодветно, а од друга страна се оптоваруваат со дополнителни такси и според тоа учесниците во сообраќајот за кои не се обезбедени услови за нивно безбедно движење сите видови моторцикли итн.

Зошто Владата упорно држејќи се кон директивите на Европската унија, да не речам криејќи се зад нив сака на мала врата да ги внесе ваквите промени преку насилен пат кога тие не наоѓаат слух за нивно спроведување кај оние за кои се наменети. Па зар така би се постигнало нешто друго освен граѓанска непослушност.

Јас ја поддржувам Владата во нејзината определба за влегување во Европската унија, но зарем не треба таа Влада пред се да работи за доброто на граѓаните, да ги штити нивните интереси, а потоа да ги имплементира интересите и видувањата на Европската унија за тоа како треба да изгледа системот на организација на нашата држава. Ставот на граѓаните од засегнатите општини е јасен. Тие веќе ја губат довербата и кај позицијата и кај опозицијата. Па, кога кон ова ќе се надоврзат егзистенцијалните проблеми, невработеноста, сиромаштијата што

особено се огромни во општините што го губат својот статус на сите им е јасно каков исход ни се предвидува.

Токму кон овие социјални економски проблеми е засегнат актуелниот Предлог закон за данокот на имот и комуналните такси. Општо познато е дека за нормално функционирање на економско социјалната сфера во општеството потребно е финансискиот систем да биде перфектно организиран со цел да овозможи одржливост на стопанската и социјалната инфраструктура, глобално во целата држава но и на локално ниво, односно да овозможи одржливост на локалната самоуправа.

Досега данокот на имот и комуналните такси претставуваше значаен дел од буџетот на локалната самоуправа. Неговото учество изнесува 70 до 80% од вкупниот буџет на општините. Од неговото администрирање зависи дали локалната самоуправа ќе го реализира сопствениот годишен буџет. Од друга страна влијанието на локалната самоуправа во наплатата на давачките беше исклучено, а таа обврска ја вршеше државната администрација. Без разлика на тоа како ќе се спроведе територијалната реорганизација заради новите одредби на законот за данок на имот и комунални такси органите на локалната самоуправа ќе бидат соочени со огромен предизвик заради немањето на соодветен кадар и неискуството сами да ги наплатуваат давачките бидејќи се предвидува тоа да се вметне како нивна надлежност.

Затоа, во дадениот период ќе треба да се изнајде соодветна форма со која локалната администрација ќе се приспособи за извршување и на оваа функција.

Во членот 15 од законот е наведено дека надзорот на примената на овој закон и на законските прописи ја врши општинската администрација што несоодветствува на функцијата за која треба да постои таа. Самото име кажува дека се работи за администрација која би требало да ја пресметува таксата и да ја следи и евидентира наплатата. Не може таа да има овластување, а сметам дека нема ни капацитет како кадровски така и технички за да може да утврди дали соодветно се применува законот и законските прописи. За извршувањето на овие активности постојат инспекциски органи.

Во вкупните приходи од данокот на имот и комуналните такси кои се остваруваат во локалната самоуправа данокот кој е предвиден за недвижен имот од правни лица изнесува 50%. Во случај кога би се извршило даночно ослободување како што се предвидува со овој закон, а се однесува и на деловни згради и простори кои служат за вршење на дејноста на даночниот обврзник, а во секој случај

претставува имот на обврзникот, многу негативно ќе влијае врз буџетите на општините.

Затоа, овој дел треба да се смета за данок од имот на локалната самоуправа. Од друга страна ваквото даночно оптоварување на стопанските субјекти треба да им се надоместува со друго законско решение, како што е на пример даночно олеснување од данокот на добивка.

За локалната самоуправа многу значаен извор на приходи се и давањето на концесии за искористување на природните богатства кои што се наоѓаат на нивната територија. За најголемиот број ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, се извинувам, ве молам, ако можете да се префрлите на законот за комунални такси, ве молам.

Ве молам, мислам дека сепак премногу широко отидовте. Ве молам, да се насочите таму.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Вие не ме оставате да се доискажам, меѓутоа, сето тоа се мисли на комунални такси.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве следиме, сите ве следиме мошне внимателно, ве молам, ве молам. Ајде.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Следите, ама не следите добро. Во салава има само 5 пратеници, толку, нема повеќе. (реакција на некои од пратениците).

Во наведениот закон никаде не е регулиран начинот на трошење на средствата прибрани од другите такси и потоа за таксата што се плаќа за користење и одржување на јавното осветлување, во член 17. Кога веќе оваа активност преминува во надлежност на општините би требало општината самостојно да одлучува за што ќе ги користи прибраните средства бидејќи тие се нејзин сопствен приход, секоја општина има различни потреби и приоритети во кои е потребно да се вложат прибраните пари.

Затоа сакам да напоменам дека за најголемиот број на помали општини така наречени рурални општини ваквите приходи се од есензијално значење. Имено, тие се лимитирани од остварување на приходи по други даночни основи по кои поголемите општини ги задоволуваат овие финансиски потреби. Затоа ваквиот вид на собирање на средства претставува многу битен елемент за одржливоста на ваквите општини при регулирање на областа на финансиската децентрализација во Република Македонија.

Во однос на тарифата за наплата на таксите сметам дека во тарифен број 2 алинеја 3 треба да се избрише поради тоа што спортските клубови се непрофитни институции, а сведоци сме на настаните во минатото кога доаѓавме во ситуации кои поради недостиг на средства нашите спортиски не беа во можност да ја претставуваат државата на меѓународните натпревари. Плаќањето на оваа такса е само дополнително оптоварување на и така финансиски слаба категорија, а доста значајна за државата.

Би сакал да напоменам дека потребно е да се дефинираат прецизно ваквите концесии за искористување на природните богатства што претставуваат заеднички приход и на централната и на локалната власт.

Во делот во начинот на администрирањето и прибирањето на ваквите давачки треба да се уреди кој ќе ја има од оригиналната надлежност, што значи дали органите на локалната самоуправа ќе бидат тие кои ќе ги собираат тие даноци, па дел од нив ќе враќаат на централната власт што би било неприфатливо. Меѓутоа може да се земе во предвид и ваквата ситуација односно администрирањето и прибирањето на концесиите да се врши преку централната власт, па таа дел од него да враќа во локалната власт и тој соодност да изнесува 50 со 50%.

Меѓутоа ваквото решение не е многу прифатливо поради општо познатиот факт на губење на средствата во непознат правец, некаде во каналите на државната бирократија.

Во првиот случај не би имало дури ни во сегашниот состав на општините проблеми со нивното финансиско опстојување. При вакво собирање на давачките, особено постапката за доделување на концесии неспорно е дека треба да остане во рамките на централната власт. Пример за вакво користење на бенифициите за општините од користењето на плодното земјиште кое е природно богатство, на пример во Пелагониската котлина која во најголем дел е во државна сопственост, а е дадена на користење на акционерски друштва и приватни лица. Доколку општините од тој регион би добиле дел од средствата платени за концесијата на тоа

земјиште што само како параметар во дадениот регион изнесува околу 25 ха површина и се наоѓа во атарите на општините на пример Богила, Добрушево, Новаци, Бач, Бистрица, Кукуречани итн. очигледна е нивната финансиска одржливост.

Слична би била и ситуацијата со исползувањето на финансиските средства од концесиите за шумските богатства во некои општини како на пример општината Старавина што исклучително може да живее од тие шумски стопанства, од тие води и самата да опстане. Во Предлогот на Владата таа општина не треба да постои. Меѓутоа, од ова се гледа дека може и таа општина од 500 жители да може самостојно да опстане.

Оданочувањето на недвижниот имот во делот на оданочувањето на земјоделското земјиште како изворен приход е посебно битен за руралните општини. Затоа со овој закон посебно внимание треба да се посвети на начинот на кој што се плаќа овој вид на данок со што треба да се предвиди тој да се плаќа во општините каде катастарски припаѓа тоа земјиште, а не на местата каде што живеат сопствениците бидејќи голем дел од сопствениците на земјоделското земјиште од причини како што е индустријализацијата која што се форсираше во изминатиот период живеат во градските центри. На ваков начин руралните општини би добиле значаен извор на приход за нивната одржливост.

Како извор на приход за општината е и данокот на имот на неизградено градежно земјиште и во делот на регулирање на овој данок во законот. Дискутабилно е дали е доволно предвиденото зафаќање или е потребно да се вгради одредба во која ќе се предвиди зголемување на тој данок. Со донесувањето на законите за финансирање на општините треба да им се овозможи што поголема финансиска независност од централната власт, пореални и поголеми постојани приходи на општините, со што истите би можеле ореално да ги изготвуваат и реализираат програмските активности кои се резултат на потребите на  социоекономските заедници. Само на тој начин можеме да создадеме општини кои вистински ќе одговараат на реалните потреби на граѓаните во тие заедници и не би било потребно нивно окрупнување.

Пред нас пратениците е доставена една Информација од општина Тополчани, но јас би додал дека таа Информација може да послужи и за општина Добрушево, општина Могила, општина Кукуречани, општина Старавина и општина Бач. Тука е претставена како општина Тополчани,  но овие општини ги напоменав затоа што се горе долу со ист број на жители, некоја општина е помала некоја поголема, но би кажал како можат тие да ги остваруваат своите права и како можат да опстанат од

данокот на имот, данокот на недвижности и права и данокот на подарок. На пример, општина Тополчани спаѓа во групата рурални општини како што спаѓа и општината Добрушево и нормално е најголем дел од своите приходи да ги остварува од данокот на имот, бидејќи најголем дел од земјоделско земјиште се наоѓа во приватна сопственост, а бројот на индивидуалните сопственици на таквиот имот е околу 1500 даночни обврзници и ако се земе фактот дека просечно еден обврсник на годишно ниво е обврзан со околу 30 евра, на годиШно ниво во општинскиот буџет ќе се влеваат околу 45 илјади евра.

Друга не помалку значајна ставка во општинскиот буџет е данокот на недвижности и права. Нашите анализи покажуваат дека во општината Тополчани, Добрушево, Могила, Кукуречани, Старавина и Бистрица може да се земе, тие имаат околу 1200-1300 индивидуални семејни куќи, кои просечно оданочени со 10 евра на годишно ниво даваат сума од 12 илјади евра. Тоа е значајна ставка во приходниот дел на буџетот. Додека од данокот на подарок според  просечното следење во изминатите години се сливаат над 3000 евра на годишно ниво. Сакам да кажам дека можат и овие општини да опстанат, по предлог на Владата што се предложени да се укинат. Мислам дека овие општини би требало да останат. Затоа, треба да се изменат овие законски решенија. Мора да се размисли длабоко, затоа што ако селото го изгубиме, мислам дека за државата ќе биде тешко, затоа што селото е тоа што го прави изворот на храна за да може да опстане оваа држава. Доколку ги напуштиме овие општини, мислам дека проблем ќе биде за извор на храна и затоа предлагам да си останат овие општини и да се предложат други измени на овие закони.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега.

Деловнички, има збор господинот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитувани колеги, дискусијата на колегата беше за законот за комуналните такси и ако вака продолжиме да дискутираме, само ќе направиме циркус од Парламентот.

Второ, мислам дека само ја блокираме работата на Парламентот со вакви дискусии. За да се зборува толку за законот за комуналните такси, а да не се аже ниту еден збор за тој закон, навистина е апсурдно. Ако вака продолжиме да

работиме на овој начин со вакви дискусии, ние ќе го блокираме Парламентот и се надевам дека предвидените закони нема никогаш да ги донесеме.

Затоа, апелирам до опозицијата со вакви дискусии да не продолжиме понатаму.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега.

Јас верувам дека опозицијата ќе ги земе предвид вашите сугестии. Впрочем и во интерес на сите нас е, сите сме изложени на поглед на јавноста, да бидеме ефикасни и да бидеме фокусирани на она што го работиме.

Реплика не може да се даде, но може процедурално.

Процедурално, има збор господинот Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке,

Господинот колега пратеник тука беше до мене, меѓутоа изгледа доволно не ме следеше. Цело време чекаше да се доискажам и да каже како што тој мисли да каже. Меѓутоа, изгледа тој не ја следеше содржината. Ова е комплекс на закони, а нормално, после ќе го разгледуваме законот за децентрализација на локалната самоуправа. Според тоа, човек треба да се искаже и за целиот овој комплекс на закони да го кажеме мислењето. Сето тоа е поврзано. Значи тој доволно не ме следел и сакаше да каже да ни го скрати правото пак на нас пратениците од опозицијата, а мислам дека донесуваме важни закони за локалната самоуправа и би требало да дискутираме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега,

Многу ме радува што сме сите свесни дека носиме пакет многу важни закони и дека сето тоа е поврзано со одредени временски рокови.

Процедурално има збор координаторот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Сакам да кажам дека дискусијата на пратениците од опозицијата, бидејќи на дневен ред е законот за комунални такси, иако се навраќаат на другите закони, особено на законот за данок на имот, затоа што немавме можност да дискутираме, меѓутоа, и самиот министер за финансии во неговото обраќање - јас пак ќе искажам жалење што тоа не го направи на почетокот кога беше првиот закон од пакетот закони за децентрализација, тоа е Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кога кажа дека сите овие закони се поврзани меѓу сехбе и многу е тешко да се издвојат дискусиите, дискутирајќи за еден закон да не се спомне и друг закон.

Затоа, би сакал да има толеранција, особено од пратениците од позицијата, да ги искажеме нашите ставови, а тие се конечни и рационални, бидејќи ако толку го гледаме времето, вие почнавте денес точно во 11,00, но два три пратеника беа од опозицијата, меѓутоа, денес не почнавте во 15,00 часот туку во 15,10 часот, а нашите дискутанти веќе беа подготвени за дискусија. Според тоа, мислам дека уште малку останува да се дискутира за овие закони, уште малку дискутанти има, па да не ја вжештуваме дискусијата, туку да се дозволи да се искажат пратениците.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега.

Сосема слогодно секој може да се искаже, само да бидеме попрецизни. Денес почнавме во 11,10 часот затоа што се дочекувавме и во салата имаше присутни претставници од ВМРО-ДПМНЕ. Доколку сте имале ваши колеги кои биле најавени, можеби би било добро да бевте координирани, па да најавевте дека еве секој момент треба да дојдат, ги очекуваме. Меѓутоа, навистина ние немавме никаков сигнал дека некој од вашата пратеничка група е заинтересиран за дискусија, така што мислам дека се беше многу коректно.

Сега да не трошиме време и во интерес на ефикасноста, јас би ја молела Марија Којзеклиска да земе збор. Таа е секогаш ефикасна и конкретна и очекувам и овој пат да биде таква. Повелете колешке.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам потпретседателке.

Би сакала само да му кажам на колегата Јанаќе Витановски дека нема да правиме циркус и нема да ја блокираме работата на Парламентот, како што самите рековте и вие и останатите пратеници, сепак се работи за суштинска работа, се

работи за една новина, а тоа е фискалната децентрализација. Значи сите закони се поврзани.

Меѓутоа, еве сега на дневен ред ни е законот за комуналните такси. Тоа е еден од пакетот на закони и со овој закон всушност се сублимираат разните видови на комунални такси, кои до сега беа регулирани со Законот за комунални такси и Законот за такси за привремен престој.

Во земјите на Европската унија, самиот збор такси предизвикува доста голем немир кај граѓаните, затоа што тие знаат дека прво што треба да направат кога ќе ја добијат својата плата е да ги платат сите такси кои им се утврдени, така што тие имаат влезено во таа огромна машинерија на системот на такси и добро се инструирани во плаќањето на таксите, имаат искуство. Ние во Република Македонија, за жал, долго време бевме далеку од таквите процеси, но очигледно дека е време и кај нас да пристигне таков систем, но иако споро сигурно ќе дојде.

Што е всушност предмет на законот за комуналните такси?

Во членот 3 се дефинира кои комунални такси се плаќаат за определени права, предмети и услуги. Меѓу другите, во овие постои - на пример во ставот 1 точка 3 "користење на површини за кампови и за подигање шатори и друга слична привремена употреба", но ова сепак се однесува само на определен број општини кои претежно се туристички места и само на тие општини ќе може да им бидат приход овие комунални такси. Тоа е едната работа.

Во точката 6 зборуваме за музика во јавните локали. Овде не е дефинирано за каков вид музика се зборува во јавните локали, дали тоа се однесува на музиката која се пушта од систем или се работи за некој друг вид музика. Би сакала тоа да биде подефинирано, затоа што вака како што е напишано - музика во јаните локали - опфаќа една поширока категорија.

Во членот 6 "ослободување од комуналните такси", став 2 се вели дека "се ослободуваат од плаќање на комунална такса од член 3 став 1 точка 2 на овој закон" а тоа значи се ослободуваат од плаќање за привремен престој на лица во градовите и населените места, бањско климатските и туристичките места, и тоа се ослободуваат државјани на Република Македонија, лица до 18 години, слепи и глуви лица и лица со телесна инвалидност, ученици на училишни екскурзии и кога изведуваат настава во природа, лица кои се наоѓаат на лекување и странски државјани кои со меѓународни договори и спогодби се ослободени од такса.

Во овој дел би сакала, а сигурна сум потпретседателке дека и вие ќе ме поддржите затоа што вие и одреден број колешки учествувате во организацијата и

излегувањето во пресрет на лицата со посебни потреби. Овде јас мислам дека ќе мораме да имаме прецизирање на терминот, да не биде “слепи и глуви лица со телесна инвалидност”, туку да стои терминот “лица со посебни потреби”. Нема потреба од разграничување затоа што сите тие лица имаат определени свои потреби и се со специфични потреби, дали се работи за телесна инвалидсност, дали се работи за ментален хендикеп, меѓутоа, на сите тие лица ќе им биде овозможено и имаат потреба од такво бањско климатско лекување.

Во членот 9 став 2 се однесува, меѓу другото и за користење и одржување на јавното осветлување и таксата за привремен престој, се врши без издавање на решение. На овој член предлагачот има доставено алтернатива во ставот 2 во кој бара зборовите “користење и одржување на јавното осветлување” да се бришат и после ова да се додаде нов став во кој се вели дека “Наплатата на комуналната такса за користење и одржување на јавното осветлување се врши врз основа на пресметка која ја изготвува општинската администрација”. Ова до сега беше уредено со пишување на комуналната такса за користење и одржување на јавното осветлување во сметките за електрична енергија, а сега во членот 9 се предлага во една од алтернативите тие да бидат издавани без решенија.

Сметам дека вака како што е предложено, ако предлагачот смета дека треба да остане став 2, е малку понеприфатливо отколку понудената алтернатива, затоа што, прво, комуналните такси се сепак приход на општината, па потребно е да се знае во колкав износ тие ќе се очекуваат да дојдат како прилив и како ќе се наплатат.

И второ, висината на комуналната такса со одлука ја утврдува, согласно законот, советот на општината и тоа мора да биде јасно и недвосмислено изразен износ, со оглед на фактот дека токму комуналната такса треба да им биде извор на приход на единиците на локалната самоуправа, односно на општините на кои тие мораат да сметаат како на пари со кои ќе располагаат во иднина.

Во контекст на ова, како што рече и некој од претходните колеги, во законот никаде не е регулиран начинот на трошење на средствата прибрани од сите други такси, освен што е прецизно наведено во членот 17 дека “начинот на користење на средствата од комуналната такса што се плаќа за користење и одржување на јавното осветлување се уредува со акт на општината”. Алтернатива постои и на овој член, која се однесува на тоа дека овој член 17 треба да се брише.

Ако сериозно работиме на оваа фискална децентрализација и ако оваа активност треба да премине во надлежност на единиците на локалната самоуправа,

тогаш на тие единици треба да им дозволиме самостојно да одлучуваат како ќе ги користат сите прибрани средства, затоа што сепак тоа е нивен приход и рековме дека секоја општина е специфично подрачје и има специфични потреби, за да може таа да утврди кој каде ќе ги намени овие средства собрани од комуналната такса. Од друга страна ако гледаме, доколку остане одредбата 17, ако начинот на користење на средсртвата се уредува со акт на општината, но со една конкретна цел тие средства што ќе бидат собрани само по основ на користење и одржување на јавното осветлување да бидат собирани за да се употребат за определена приоритетна цел. Значи, држи и алтернативата да се брише, држи и алтернативата да постои членот 17, меѓутоа, на Владата останува, се разбира доколку има информации од страна на општините, колкав износ е на тој приход кој се наплатува. Ова го велам од причини што до сега не верувам во некоја општина во Република Македонија да постои регулирано или редовно исплаќање на овие комунални такси за користење и одржување на јавното осветлување од подрачните единици на јавното претпријатие за електродистрибуција до Советот на локалната самоуправа. Значи тука постојано имаме прекин на таа комуникација. Луѓето со плаќањето на средствата за електрична енергија ја плаќаат и вкалкулираната комунална такса. Со последната сметка за електрична енергија таа комунална такса изнесува 48 денари. Таа ја уплатуваат на сметката на Електродистрибуција на соодветната општина. Електродистрибуција треба истите тие средства да им ги префрли на локалната самоуправа како средства за осветлување. Меѓутоа, верувајте, не постои град во Република Македонија кој нема проблеми со јавното осветлување. Таа врска меѓу тие две институции е прекината и тоа подолго време. Значи, мора да се внимава на тој дел, обрнувам внимание на предлагачот, токму во едукацијата на општинската администрација, затоа што целата оваа надлежност се префрла на таа општинска администрација.

Во претходното обраќање на министерот, господинот Никола Поповски за тарифниот број 2, каде што колегата Мавровски ги спомна спортистите на Република Македонија , поединци и екипи кои се подготвуваат за натпревари, министерот Поповски рече дека така како што е дадено, а некои од колегите барале, но јас лично не сум слушнала дали барале даночни ослободувања или намалување на таксата, меѓутоа, министерот рече дека ќе им се оневозможело на единиците на локалната самоуправа сами да ја кројат политиката. Но верувајте, прашањето може и обратно да биде поставено: дали општината Ќе дозволи и ќе овозможи креирање на таква политика, посебно за спортистите. Тоа го потенцираше и колегата

Србиновски. Да се разбереме, имаме паричен износ од 15 до 30 денари, значи минимумот е 15, максимумот е 30 денари. Меѓутоа, не е наведено дали е по спортист или е по ден, затоа што се работи за такса за привремен престој, меѓу другите и за спортисти.

Јас незнам какво е размислувањето на Владата во однос на ова, иако министерот образлагаше како е дојдено до овие бројки, до таксите и тарифниот број, меѓутоа, сметам дека спортистите се сепак значајна гранка од општествениот живот, посебно за младите и посебно за овој транзиционен период кој трае веќе 13 години и мислам дека е потребно нивно правилно насочување и развивање.

Сега, од искуство знаеме дека спортистите на Република Македонија користат определени места за нивнитре подготовки, што значи и овде имаме ограничување на комуналната такса само на определени видови на општини. Дали се висински, дали се низински, зависи од сезоната, се разбира, меѓутоа, сепак имаме ограничување, за приход може да биде само за определени општини.

Пожелно би било Владата сериозно да ги разгледа сите овие забелешки, иако се работи, како што наведоа неколку колеги, за малку понезначаен закон во однос на Законот за финансирање кој ја дава структурата или контурите на пакетот на фискалната децентрализација, но сепак, треба да се разбере дека овој закон е Закон за комунални такси, кои ќе бидат приходи на единиците на локална самоуправа.

Уште еднаш ќе повторам, иако досега многупати беше кажано тоа, за жал, Владата на нас не ни даде апсолутно никаков аргумент, со кој ќе не убеди дека малите општини или општините такви какви што се 123 на број како што потојат денес, ќе ги доведат во опасностс идните интереси на граѓаните, се разбира со новите надлежности. Меѓутоа, Владата не ни даде ниту пример, ниту некоја слична симулација пример, барем за една општина, како ќе функционира овој закон, пакетот закони. Зборувам за комуналните такси, за идниот закон за административни такси, чисто за една општина да речеше Владата дајте да ви кажеме толку ќе соберат, токлу ќе соберат, и таа општина од прилика ќе има пари толку. Основ да опстане општината со новата територијална поделба или да не опстане. Значи, уште еднаш укажувам на Владата сериозно да ги земе предвид сите забелешки и врз основа на тие можеби ќе најде можност да изврши измени и во територијалната поделба .

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ти благодарам многу колешки.

Збор бара г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам, почитувана потпретседателке,

Јас би сакала накратко да се задржам да ги кажам моите видувања во однос на овој закон, меѓутоа, повторно ќе кажам дека овој закон не можеме да го погледаме сам за себе, затоа што тој е дел од еден пакет на закони, за фискална децентрализација и токму заради тоа во моето обраќање, можеби ќе се осврнувам и на другите важни закони, кои што досега ги разгледувавме, а посебно заради тоа што во претпладневната сесија, не со наша вина имавме некои од пратниците Комисија за Европски прашања и немавме можност да го кажеме своето мислење и за Законот за данок на имот. Меѓутоа, ќе се обидам повеќе да се задржам на Законот во моментов што е за комунални такси.

Веќе кажав дека многу е битен овој паќет на закони за фискална децентрализација, бидејќи од нив може да се утврди дали некоја од постојните општини може да опастане во иднина или не. Ние повеќе дена расправавме овде за Законот за финансирање на локалната самоуправа, кој што претставува основ на финансовата децентрализација. Претпладнето се расправаше за законот за данок на имот, сега за комунаните такси, но за мене, бидејќи се сите овие закони едно цело, може без проблем да се навраќам на другите закони, се со цел да имаме една појасна престава за тоа што ќе бидат ингеренциите на општините во оваа сфера но и колку пари ќе имаат на располагање. Тоа е и целта на овие закони.

Кога дискутирав за Законот за финансирање на локалната самоуправа, кажав дека не може да дискутираме дали е добар законот ако претходно немаме добиено од Владата пресметка односно точни бројки за општините, посебно за оние кои што Владата има намера да ги укине, од кои што ќе видиме дека тие не се финансиски способни да опстојат. За што, самата Влада, вели дека територијалната поделба произлегува првенствено и од паќетот на закони за финансирање на локалната самоуправа.

Во отсуство на такви конкретни показатели, навистина, не ми е јасно зошто молчат и пратениците на Власта, кога и нивните гласачи, посебно таму каде што беа спроведени референдумите, не се согласуваат со укинувањето на нивните општини и тие го тврдат сосема спротивното дека можат да опстојат.

Понатаму, не добивме ниту финансиски показатели, повторно ќе потенцирам, во бројки, од кои што ќе видиме дали со предложените проценти на повраќање на средства од ДДВ и персонален данок, кој што е утврен со законот за финансирање, ќе се обезбеди барем постојното ниво на средства, како и досега. Требаше да се

остави еден преоден период, во кој што општините со цел да опстојат, ќе ги активираа сите свои потенцијали, за кои што зборува дека ги имаат во сите дописи кои што ги праќаат до нас како пратеници и дека можат да ги искористат сите ресурси и од тоа ќе се видеше дали навистина постојните општини, со новиот закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, значи комплет со законите, за фискалната децентрализација ќе можат да ги исполнат предвидените обврски кон своите граѓани или не. Со тоа ќе ја почитувавме нивната волја, пред се, искажана на референдумите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се исвинувам колешке Бонева, меѓутоа, ние сме сеуште во прва фаза на целиот овој голем пакет закони за децентрализација, така што мислам не е во ред да прејудицираме некои состојби. Прво, не се ни донесени сите овие закони, а камоли да ставаме коментари на тоа дали се имало или се намело разбирање за Народната волја и јавно искажаниот збор. Затоа, јас би ве молела, сепак, да се насочиме кон она што е тема на дневниот ред.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, самата Влада кажа дека Законот за теиторијална поделба што е предложен произлегува од законите за финансирање односно од финансовата децентрализација. Ако е така и ако се тврди во најголем дел дека овој закон фактички е тој што предвидува колку општини можат да опстојат, а упорно се тврди од страна на позицијата дека законите се добри со многу малку забелешки, апсолутно ништо не прејудицирам, го кажувам она што го чувствуваме сите ние граѓаните.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке, само јас ве молам општиот претрес за широкиот голем закон за финансирање на општините веќе помина. Сега сме конкретно на Предлог за донесување на закон за комунални такси. Тоа е, сепак, еден технички закон и јас би ве молела, имавте навистина време да се произнесете поопширно, а пак ќе имате можност исто така да ги правите овие споредби во следните точки кога ќе бида на дневен ред Законот за територијална поделба, каде што директно ова што го говорите е практично упатено за тој закон што треба да следи после две-три точки.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Госпоѓа потпретседателке, јас мислам дека она што го зборувам е во контекст на тоа што е на дневен ред и во интерес на подобрување на текстовите од законските одредби од законите за деценрализација. Мислам дека и во оваа фаза е

потребно она што го имаме, а ние како пратеници, посебно на опозицијата да го укажеме, за да може во наредната фаза овие закони да дојдат пред нас, во, се надеваме, видоизменет облик во интерес на граѓаните.

Јас би продолжила повторно, конкретно да, колешки, и за Законот за комунални такси, меѓутоа и за сите такси и даноци кои што се од интерес за опстојување на општините. Еве, ќе го земам за пример, примерот на општина Муртино, која што се укинува,се предлага да биде укината и тврдењето на луѓето од локалната самоуправа дека тие можат од таксите зза уредување на градежното земјиште, од таксите за издавање на локации за изградба на објекти од времен карактер, од таксите од надоместокот за изградба на нови објекти, од издавањето на деловни простории, од таксата за поврзување со мрежа на водоводите, од таксата за користење на одводни канали, од таксата од користење на речните води, таксата од користење на паркинг простори, такса од посети на археолошки локалитети, на римската терма, од туристички такси и да не читам што уште не зборуваат луѓето од локалната самоуправа, на пример, конкретно во село Муртино. Тие тврдат, исто како што тврдат многу општини во државата, да не ги спомнувам само од регионот од каде што доаѓам, тие тврдат дека можат да соберат доволно средства во општинските буџети за да опстојат. Како сега ние да и веруваме на Владата дека од финансиски аспект не можат да опстојат огромен број на општини. Токму заради тоа Владата тврди дека треба да се укинат општини, а немаме никакви финансиски показатели за тоа. Многу се битни овие закони и многу е битно комплексно да разговараме за сите нив да не бидеме ограничувани, заради тоа што процентите во ендиот закон што се дадени конкретно со пренесување на надлежностите односно со делот на ДДВ и персоналниот данок, понатаму процентот за данокот на имот итн. Сите овие даноци ја чинат општинската каса, буџетот на локалната самоуправа. Тука се и комуналните такси и од тоа ние треба да видиме понатаму, дали тие општини ќе опстојуваат или не и да знаеме кога ќе дојде законот за територијална поделба да бидеме веќе убедени дали вистински се поставуваат границите на локалните самоуправи во државата.

Понатаму, во законите кои што ги имаме па и во овој закон сега што е како точка на дневен ред, незнам и не видов дали законодавецот со цел да го поттикне економскиот развој на општината, предвидел доволно соодветни мерки за тоа. Имаме повеќе држави околу  нас, кои што примери, значи, на повеќе држави околу нас, кои што предвиделе со цел да го поттикнат економскиот развој на општините и соодветни мерки за тоа, интересен е примерот со словеначкото законодавство, кое

што ја регулира материјата на локалната самоуправа и кое предвидува привремено ослободување од данок на имот во период од 10 години за даночните обврзници, кои што поседуваат новоизградени објекти. Со таквиот чекор Република Словенија го стимулира градежништвото како неопходен момент за севкупниот економски развој на државата. Со предложениот закон што беше за данок на имот, за жал тоа не е предвидено, а би можело и со тоа на солиден начин да се стимулира градежништвото во Република Македонија.

Понатаму, со предложениот закон, на пример, за данокот на наследство и подарок, Владата на Република Македонија во ниеден момент не иницираше можност да се зајакнат општините со зголемување на процентите кои што ги предлага и со тоа автоматски би се зголемиле и приходите на општините а со тоа и ќе се обезбеди една цврста финансиска автономија на нив. Процентите, мислам дека и овде требаше да бидат дадени односно да биде даден крајниот лимит од страна на државата, а самите општини да утврдат, во зависност од тоа дали има доволно средства на располагање во општинските буџети или не, колкав ќе биде процентот, дали да биде помал, со помал процент да се оптоваруваат граѓаните или со поголем. Во многу држави е утврден крајниот лимит над кој што не можат да одат локалните самоуправи и мислам дека и овде треба државата да размисли за овој случај.

Понатаму, во однос на даночното ослободување на Владата, која што треба посериозно да размисли за во наредната фаза и што треба да се внесат како даночни ослободувања во законите од пакетот на финансиската децентрализација, еве, за пример, ќе го проаналкизирам, ќе наведам еден пример со Р. Бугарија. Бугарскиот закон за месните даноци и такси во нивнот член 38 е предвидено дека имот на загинатите за Републиката или при извршување на службена должност или при други производствени хаварии или природни н епогоди, се ослободуваат од данок. Значи, луѓето кои се жртви на вакви состојби се ослободуваат од данок. Тоа укажува на фактот дека лицата кои што загинале за одбраната на својата земја на загинатите по службена должност, неминовно мора да уживаат привилегии при одданочувањето. Република Македонија како земја, исто така, има национално ослободителни борби, каде што македонските херои ги положија своите животи за зачувување на државниот правен суверенитет и интегритет на земјата и со последниот воен конфликт во Република Македонија  (реакција од пратениците).. . . Колеги, како ве почитуваме ние кога вие зборувате, обидете се да ги почитувате идругите свои колеги.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке, продолжете по текстот на законот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Значи, во Република Македонија, зборувам за даночни ослободувања, воопшто не сум надвор од темата., многу македонски патриоти одговорија на својата патриотска должност за бранење и за одбрана на својата татковина. Многумина од нив останаа инвалиди и не можат да се вклучат во општествениот живот и тие лица, почитувани колеги, заслучуваат адекватен третман. Зошто во регулативата да не се предвидат соодветни бенефиции, со кои што ќе им го олесниме животот на тие лица. Зошто не го земеме примерот од другите земји, кои што се грижат за своите бранители. Бранителите се ставени во ситуација да морат во тешки услови да се грижат за својата егзистенција. Нивната социјална состојба е влошена и тие во државата добиваат несоодветен и недостоен третман. Нели, треба да постои начин да им се помогне и на нив и на нивните семејства. Ако Владата на Република Македонија не може да пронајде начин да им се оддолжи за нивната заслуга, за зачувување на интегритетот на македонската држава, барем да се помогне преку конкретни законски решенија. Јас овде го гледам данокот на комунални такси, каде што може да утврди државата процент.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, колешке, сите овде сме луѓе кои сме писмени и разбираме за што се работи. Се работи за еден од пакетот закони за децентрализација. Имено, сега зборуваме за тоа дека дел од надлежностите ќе предаде на локалната самоуправа, така што сите овие иницијативи за кои што сега вие зборувате или ги имате на ум, тоа е шанса за Локалната самоуправа, доколку има законски рамки интерно, внатре во своето делување да одлучи. Така што, јас би ве молела, навистина, дас не одиме од тема на тема, ве молам, имајте почит кон колегите пратеници, сите сакаме да се услушанме. Меѓутоа, навистина, тоа да биде во рамките на она што е денеска точка на дневен ред.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Ве молам и вие да не почитувате нас како пратеници, посебно од опозицијата . Воопшто не сум надвор од дневниот ред. Зборувам за комунални такси, зборувам за ослободување на данок од имот и од комунални такси. Содржината што е внатре во законот дадена има веќе предвидено даночно ослободување за одредена категорија на граѓани во Република Македонија . Јас зборувам само за она што е

заборавено да се внесе во законот, што мислам дека заслужуваат бранителите на државата да бидат внесени и апсолутно неможете да ми најдете забелешка дека милиметар отстапувам од она што е законска содржина. Сега воспоставуваме законска рамка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке во ред. Можеме да се согласиме сигурно околу некои начелни ставови, меѓутоа за влегување длабоко во тема која што ја давање предлог на еден сегмент не би било во ред према колегите. Затоа јас ве молам..

СИЛВАНА БОНЕВА:

Не, не. Јас мислам дека секој предлог треба да биде јасно образложен зошто се предлага да биде составен дел на законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред колешке, продолжете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Понатаму, повторно ќе продолжам со бенефициите кои што ..

(реакција на пратениците во салата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги ве молам да ја сослушаме колешката Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

ќе продолжам со искуствата што ги имаат законодавствата на другите држави. Не зборувам нешто напамет, зборувам за нешто што постои во законодавствата на другите држави околу нас, па затоа и ние ја имаме таа состојба и заслужува и ова прашање да биде разгледано.

Значи, кои се други бенефиции се предлагаат односно ги имаат вградено другите земји во своите законодавства.

Значи, кога компаративно вршиме споредби со другите законодавства евидентни се и недостатоците на овие предложени закони и во однос на данокот на промет на недвижности. Имено, во Хрватскиот закон , член 11 е предвидено млади брачни парови кои што го купуваат првиот недвижен имот да бидат ослободени од

плаќање на данок на промет на недвижности со што делумно се намалуваат и онака високите трошоци за решавање на станбеното прашање. За жал и овие одредби не се реалност во предложениот закон за данок на имот, што уште еднаш асоцира дека се нема слух за водење на една позитивна политика во однос на младите. Младите во Република Македонија се стожер на сите процеси и од нивната иднина зависи целокупниот развој на општеството и државата. Со една позитивна стратегија за подобрување на условите во кои што тие живеат и работат ќе се создадат и одлични можности за развој на една солидна популациона и хумана политика.

Загрижувачки е трендот на иселувањето на младите од Република Македонија во странство и одливот на мозоци од Републиката. До колку се продолжи со таквиот тренд Републиката ќе го изгуби основното јадро на просперитетот и токму заради тоа хрватскиот пример треба да ни биде вистински пример со кој што ќе ја потврдиме решеноста што ја има и Република Хрватска. Значи, да се утврди статусот на младиоте брачни парови во едно перспективно законодавство што ќе им обезбеди простор за нивон понатамошно живеење. Значи, истиот пример треба да го следи Република Македонија која го има сериозниот проблем на иселување на младите луѓе. Тие се иселуваат токму поради неадекватната политика и неадекватните финансиски аспекти со кои се соочуваат. Неминовон е како држава да го помогнеме нивниот животен статус со што ќе вградиме во македонското општество клучни рамки за перспективноста на Република Македонија .

Сега сосема накратко ќе се осврнам на одредбата односно на член 6, точка 2 каде што се зборува за ослободувањата, што кажа г-ѓата потпретседател дека не се утврдуваат ослободувањата во законот, туку локалните саомуправи треба сами да си ги утврдат бенефициите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке, немојте, погрешно сте ме разбрале. Ве молам колешке погрешно сте ме разбрале, се знае што е закон, а за што се одлучува на локално ниво.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Токму заради тоа, значи даночни ослободувања. Значи зборувам за даночни ослободувања за бранителите на државата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке мене многу ќе ме радува сите своите сугестии да ги дадете. Тоа е во интерес на подобрување на квалитетот на текстот на законот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Токму така. Значи во член 6 може да биде вградено тоа што го зборував за даночно ослободување за бранителите, како што е предвидено дека има даончно ослободување предвидено за слепи и глуви лица и лица со телесна инвалидност. Предмалку колешката Којзеклиска кажа како треба да биде дефинирано тоа, а јас повторно ќе нагласам дека не само слепите и глувите лица, и лица со телесна инвалидност, лица на кои што им е потребно да престојуваат во некои летувалишта, туку тоа се сите лица со посебни потреби токму заради тоа што прифативме една генерална политика за лицата со посебни потреби во Република Македонија . Затоа треба да немаме селективен пристап, туку точно да биде кажано дека сите лица со посебни потреби би биле бенифицирани од овие такси.

Во членот 12 е предвиден еден механизам со кој ќе се придонесе, така смета законодавецот за навремено собирање на комуналните такси.

Во член 12 точка 3 се зборува дека обврзникот на комуналната такса кој што не ќе поднесе навреме пријава според став 1 на овој член, значи пријава на својата имотна состојба, ќе се задолжи покрај редовната такса со зголемена такса од 30%. Тоа навистина може да влијае во некој степен позитивно на сите тие што имаат средства да платат, а од свои лични причини не плаќаат навреме. Меѓутоа треба да знаеме дека има огромен број на граѓани кои што сакаат да платат, а навистина се оневозможени да ги платат ваквите такси поради тоа што немаат апсолутно никакви приходи. Сите членови од семејството се невработени и навистина овие луѓе немаат со што да ги платат овие такси и ако со тек од месец на месец им се зголемуваат таксите за 30% замислете во каква состојба ќе дојдат овие луѓе кои што буквално неможат да преживеат. Понатаму сметам дека во прилог на навремената уплата, значи еден од механизмите овде е предвиден, зголемување на процентот , зголемување на таксата со 30% . Меѓута сметам дека е потребна една широко општествена акција, најпрвин за едукација на населението за тоа кои се придонеси би ги имале во подобрување н аопштата состојба во локалната самоуправа со тоа и на нивното живеење, значи за можат тие да бидат убедени дека оној денар што го плаќаат или не го плаќаат ќе биде на нивна лична штета. Значи, не е потребно едукација само на локална самоуправа односно само таа да се грижи за едукација

на сопствените граѓани туку тоа треба да биде една широко општествена акција во смисла на подобра децентрализација односно спроведување на децентрализацијата на власта.

Во исто време потребна е едукација и на администрацијата која треба да биде способна за новата улога која што и се доделува за сите оние луѓе кои што ќе бидат преземени под управата за јавни приходи, од Министерството за финансии, од подрачните единици за да бидат оспособени навремено да ја извршат новата задача која што им престои.

Понатаму, повторно останува тоа што не знаеме колкав број ќе биде оваа администрација , која ќе биде потребно да биде превземена од страна на локалната самоуправа за извршување на сите обврски кои се предвидени со овие закони за собирање на даноци и дали ќе бидат потребни нови вработувања од страна на локалната самоуправа, а со тоа товарење и со нови даноци на граѓаните за да можат да бидат исплатени нивните плати. Досега беше многу слаба наплатата на даонците на државата на ниво на општините. За тоа многу пати досега е зборувано, меѓутоа зборувавме паушално, сите од некои свои лични сознанија, меѓутоа денес во Утрински весник излезе напис во кој што се дадени истражувањата на Економскиот институт, во кој јасно се зборува дека според нивните податоци кои што тие ги добиле врз основа на нивните истражувања во 10-тина општини во државата, со цел да видат колку се плаќаат даноците во некои делови на Република Македонија , и покрај тоа што се земени општини кои што можат солидно да ги исполнуваат своите обврски, значи спроедбата се прави со општини кои што имаат речиси ист број на жители и кои што имаат постоење на својата територија стопански субјекти, а единствена причина поради затајувањето на даноците од страна на граѓаните, нивно неплаќање државата е оштетена. Ова може да се реперкуира и во наредниот период на децентрализација на власта и да се случи одредени општини кои што досега не плаќаат, овде е даден примерот на Гостивар и Охрид, Гостивар кој што плаќа 7 пати помал данок отколку Охрид. Тоа треба да ни биде добар показател за тоа што треба да направиме како држава во овој момент кога разговараме за централизација на власта. Токму заради тоа го спомнав и аспектот на едукација на граѓаните. Значи, сите овие граѓани кои што се научиле, би можеле по инерција да продолжат, бидејќи досега добро им функционираа и училиштата, без оглед натоа дали делат доволно пари од сопствениот џеп, дали ги плаќаат даноците кон државата, овие минимум услови за функционирање на училиштата, за функционирање на здравството им беа обезбедени од страна на

државата, што значи се вршеа прелевања од општина во општина, меѓутоа сега треба јасно со едукацијата да им биде ставено на знаење дека самите тие одговараат за одреден степен на услуги кои што треба да ги даваат на сопствените граѓани, иако се предвидува повторно порамнување, прелевање од општините кои што имаат повеќе средства во општини кои што немаат доволно средства собрано. Значи  и тука треба да биде присутен показателот, државата да воспостави правични критериуми, правична методологија за распределба на средствата за да не ни се случи повторно општините кои што не собираат даоноци да можат да бидат на товар, на грбот на другите општини.

Тоа би биле накратко моите забелешки за овој пакет на закони за децентрализација на општините.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам кој друг бара збор?

Има збор г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал накратко да кажам некои свои размислувања во смисла на законот за комунални такси. Ако дозволите накратко ќе кажам и нешто во врска со данокот на имот. Навистина ќе биде кратко и не би сакал да се подига тензијата. Ќе биде општо, нема да одам по членови.

Би почнал со даонкот на имот во смисла  на тоа какви ќе бидат проблемите со примената на  законот на данокот на имот, данок на наследство и даонк на промет на недвижности. Прашањето ми е зошто не е опфатен подвижниот имот, кој сега е опфатен со постојната законска регулатива, што ми останува како дилема. Тоа е прво.

Второ, исто така би сакал да укажува на проблемот кој се јавува во Република Македонија  во врска со недвижниот имот.  Бројни се примерите со проблемите кои се јавуваат со катастарската  евиденција, бидејќи знаеме  дека во Република Македонија проблемот со таа евиденција е еден од најголемите проблеми. Имено, има многу проблеми , практично луѓето што ги посетуваат тие имоти не гласат на нивно име, имено се работи за земјоделско земјиште, земјиште кое што  беше национализираон, особено во околината на Скопје повеќе од 30 години, меѓутоа тоа нон стоп претрпуваше купопродажби кои што беа заверувани купопродажни договори на адвокат, или сега поново на другите правни субјекти, на нотарите и при

тоа можеби имало и неколку пати продажба на тие имоти, меѓутоа тие не се евидентирани. Сега еден од главните проблеми за примената и проекцијата на овој закон како ќе биде во праксата ќе настане токму со неадекватната евиденција што се има на целокупниот недвижен имот што се поседува во Република Македонија . Тоа не значи дека е 100%, меѓутоа верувајте дека е еден голем процент со кој што особено сега ќе се судри државата, кога треба да се наплаќаат тие такси бидејќи на државно ниво дел од таксите на имот на земјоделско земјиште не беше толку заинтересирана државата да ги наплаќа, меѓутоа со оглед на тоа што сега ќе бидат клучни за опстојувањето на општините а тие се помали, ова ќе биде значаен извор на приходи и ќе мора да го решато тој проблем. Сигурно тоа ќе претрпи една лавина од судски процеси во кои што ќе треба да се докаже последниот сопственик на тој имот.

Тоа би била мојата генерална забелешка на законот на данокот на имот.

Исто така имам забелешка околу ослободувањето. Кога правата на сопствеонст на недвижниот имот се пренесува на банките како доверители заради наплата на парични побарувања до колку во рок од три години го продадат стекнатиот имот во тој случај банките се ставаат во една привелигирана состојба, во рок од три години да го наплатат тој долг, меѓутоа ако го продадат тој имот за да ги наплатат паричните побарувања во тој случај нема да платат данок. Тука се појавува дилема дали е исправно или не, бидејќи и банките се еден субјект во Република Македонија , како што се и другите субјекти, независон дали се физички или правни лица. Сметам дека тука треба добро да се размисли и пред се да се види колкав е процентот на данок кој што на општините ќе им биде ускратен доколку ова даночно ослободување биде прифатено.

Исто така би сакал да продискутирам и околу комуналните такси. Комуналните такси според член 3 како предмет на оданочување се плаќаат за определени права, предмети и услуги, јас накратко би ги прочитал овие 10,11, колку се:

1. За секоја фирма односно назив на деловна просторија ќе се плаќа комунална такса;

2. Ќе се плаќа комунална такса  за привремен претстој во градовите и населени места, бањски, климатски и туристички места ;

3. Ќе се плаќа комунална такса за користење на површини во кампови, подигање на шатори и друга слична привремена употреба;

4. Користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност;

5. Истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места. Мислам дека ова ќе биде една од значајните комунални такси;

6. Музика во јавните локали;

7. Витрини за изложување на стоки надвор од деловни згради;

8. Користење на плоштади и друг простор во градовите, населбите и населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и други забави, забавни приредби за вршење на дејност;

9. Користење на простор за паркирање на моторни возила и нивните приколки, моторцикли, мотори и велосипеди на места што за таа цел ќе ги определи општината. Сметам дека ова е една нова комунална такса која што ќе биде значаен приход во касата на општината;

10. Користење на улици со патнички, товарни, друмски и приклучни возила. Ова и досега го имаше, а се наплаќаше при регистрацијата на моторните возила;

11. Користење и одржување на јавното осветлување.

Овде би сакал да напоменам една дилема која ја кажав кога беше законот за финансирање на локалната самоуправа.

Имено, проблемот се јавува со општините во градот Скопје. Да ја земеме комуналната такса под број 11-Користење и одржување на јавното осветлување. Знаеме дека минатата година голем проблем беше исклучувањето на јавното осветлување во општините Гази Баба и Чаир, особено каде што градоначалници се од ВМРО-ДПМНЕ, за што јас имав и пратенички прашања и неможеше да се одреди кој е виновникот, кој е одговорниот за исклучувањето на уличното осветлување. Дали е тоа општината, бидејќи граѓаните сметаа дека таксата за улично осветлување ја плаќаат на општината и таа е одговорна дали ќе има улично осветлување или ќе нема, или пак градо Скопје, а според методологијата таксата се плаќа во сметката за електрична енергија и таа оди на подрачната единица. Или за секоја општина има посебно, а за градот Скопје на едно место и после тоа таа треба средствата да ги префрли во општините на градот Скопје. На овој начин општините во градот Скопје се ставаат во нерамноправна положба. Имено овие општини практично со законот за градот Скопје и со оваа децентрализација, или пакетот на закони за децентрализација практично се само формални, или сервисни општини без да имаат можности како што имаат другите единици на локална самоуправа.

Сметам дека ќе се направи голема неправда доколку се усвои законот за единиците за локална самоуправа, особено за градот Скопје, бидејќи на тој начин повеќе од една четвртина од населението во Република Македонија ќе живее во

градот Скопје, ќе има еден градоначалник кој што на овој начин ќе настане централизација, а не децентрализација за која што ние сите се залагаме и со овој пакет на закони се стремиме да ја легализираме оваа децентрализација.

Овие општини практично немаат ниту евиденција како на моторни возила што ги имаат, така и на фирмите што се во нивните општински граници и на некој начин само ќе добијат обврски, но никакви овластувања и никаков третман на општини еднаков со другите општини, согласно со Законот за локална самоуправа и со законите што ја регулираат материјата на единиците на локалната самоуправа.

Јас толку би кажал на кратко, не би сакал да должам многу, а инаку после тоа ќе следи законот за територијална поделба што сметам дека ќе треба таму да го дадеме главниот збор.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Јас само ги молам колегите пратеници кои сте во Собраниево, а не сте во салата, да влезете за да можеме да пристапиме кон гласање.

Заклучокот е следен:

1. Сораинето на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за комунални такси.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии.

Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање, јас уште еднаш ги молам сите пратеници кои се во Собранието да влезат во собраниската сала да пристапиме кон гласање.

Истовремено ги молам собраниските служби да го утврдат точниот број на присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Јас ги молам координаторите да се погрижат за пратениците од пратеничките групи.

Секој си ја знае работата и обврската како пратеник.

Уште еднаш да се преброиме да видиме колку сме присутни.

(Службите ги пребројуваат пратениците присутни во салата)

Предлагам пауза од 15 минути.

Ги молам координаторите да го обезбедат присуството.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,05 часот)

Молам пред почетокот да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата)

Во ред.

Почитувани колеги, бидејќи заклучокот веќе беше прочитан за точката 20, тоа е Предлог за донесување на закон за комунални такси, предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 72 пратеници, сите 72 позитивно.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 21 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси.**

Предлогот за донесување на законот и извешатите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање,

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, сите 69 за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложенито заклучок.

Почитувани колеги пратеници,

По барање на пратенички групи претходно, поради активнсоти на колеги, наши пратеници, јас ја прекинувам седницата. Ќе продолжиме следната недела, а утре започнуваме со нова седница.

Со ова е заокружен пакетот на финансиски закони.

Ви благодарам.

(Седницата со работа прекина во 17,10 часот).